

# Учество на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија

ОБСЕ
Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**



# Учество на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија

Наслов: Учество на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија

Подготвено од: Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС)
Александра Јовевска Ѓорѓевиќ
Вљора Речица

Издавач: Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Превод: ЕУРОЛИНГВА ДООЕЛ Скопје

Графички дизајн: ПОЛИЕСТЕРДЕЈ
ноември 2024

Материјалите во оваа публикација се само за референца. Иако ОБСЕ вложи максимално внимание во нејзината подготовка, таа не презема никаква одговорност за точноста и комплетноста на сите информации, упатства и совети изнесени или за какви било печатни грешки. Содржината на оваа публикација, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците изнесени во неа не мора да ја одразуваат официјалната политика или позиција на ОБСЕ. Поради овие причини, не може да се покренат никакви барања против ОБСЕ во однос на потенцијалните последици од веродостојноста на информациите или заклучоците содржани во оваа публикација.

ISBN: 978-92-9271-409-3

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

# СОДРЖИНА

I. Извршно резиме 5

1. Секундарно истражување: Резиме 5
2. Примарно истражување: резиме 7
   2.1. Политичко учество – општа состојба во однос на нивото на вклученост, амбиции и мотивација 7
   2.2. Перцепции за жените од заедниците во политиката – етнички и културни перцепции, перспективи и предизвици 8
3. Препораки 10

II. Методологија 12

III. Вовед 16

IV. Секундарно истражување: преглед на политичкото учество на жените од немнозинските заедници 18

1. Контекст 18
2. Нормативни и институционални механизми кои се однесуваат на родовата еднаквост во Северна Македонија 21
3. Учество на жените од заедниците во политичкиот живот 27

V. Примарно истражување 39

1. Политичко учество – општа состојба во однос на нивото на вклученост, амбиции и мотивација 40
2. Перцепции за жените од заедниците во политиката – етнички и културни перцепции, перспективи и предизвици 69

VI. Заклучоци 106

VII. Препораки 110

Со гордост ѝ давам поддршка на оваа публикација за учеството на жените од заедниците во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија, извештај кој ги расветли пречките, придонесите и тежнеењата на жените кои, премногу често, остануваат недоволно застапени во просторот за донесување одлуки. Ова истражување е повеќе од само преглед на податоци; станува збор за сведоштво за храброста и отпорноста на жените од заедниците и ја нагласува потребата за изнаоѓање начини да се слушнат и нивните гласови и да напредува и нивното лидерство.

Наодите од овој извештај истовремено нè отрезнуваат, но и вдахновуваат. И покрај бројните предизвици со кои се соочуваат, овие жени и понатаму непроценливо придонесуваат во своите заедници и пошироко. Сепак, тие наидуваат на пречки на речиси секој чекор, од дискриминација и предрасуди до ограничување на ресурсите и структурите за поддршка. Оваа публикација многу јасно ги опишува овие реалности и нуди патоказ за нивно надминување. Нè потсетува дека значајното учество и застапеноста не се само идеали, туку суштински состојки на секое демократско и праведно општество.

Жените од заедниците заслужуваат еднакви можности да влијаат врз политичкиот и јавниот живот и наша должност е да работиме на создавање општество каде што овие можности ќе станат правило, а не исклучок. Овој извештај е повик на акција за креаторите на политиките, за граѓанското општество и за самите заедници да се обединат околу визијата за инклузивно општество кое ги поттикнува сите жени на целосно учество.

Оваа публикација треба да послужи и како ресурс и како катализатор за промени. Наодите и препораките изложени на овие страници ќе поттикнат на акција, ќе ја помогнат соработката, и ќе нè донесат поблиску до светот каде што разновидноста во лидерството се слави и каде што сите жени се оснажени да ја обликуваат нашата заедничка иднина.

Со овој извештај, Мисијата на ОБСЕ во Скопје ја потврдува својата заложба да ги брани правата на жените од заедниците. Посветени сме на засилување на нивните гласови и отстранување на пречките што им се испречиле на патот. Патот кон вистинската правичност бара постојан напор, а ние сме тука на долг рок, да работиме со нашите партнери и со заедниците на остварување на ваквата визија.

Амбасадор Килиан Вал,
Шеф на Мисијата на ОБСЕ во Скопје

# I. Извршно резиме

Жените се наоѓаат во значително понеповолна политичка положба од мажите во однос на нивното политичко ангажирање и влијание, како во богатите земји така и во регионите во развој. Жените од немнозинските заедници често се соочуваат со двојна дискриминација врз основа на нивниот род и етничка припадност.[1] Ваквата неповолна положба слично се забележува и кај жените од немнозинските заедници во Северна Македонија. Поради тоа, оваа студија има за цел да направи сеопфатно испитување на степенот и околностите на политичкото учество на жените од немнозинските заедници во Северна Македонија, нагласувајќи ги повеќеслојните нееднаквости со кои се соочуваат жените од заедниците во нивните обиди да се приклучат кон политичкиот и јавниот живот. Студијата користи мешавина од квантитативни и квалитативни методи на истражување, што подразбира примарно собирање податоци преку теренско истражување во кое беа вклучени 1002 испитанички и шест интервјуа, како и секундарна анализа на податоците.

## 1. Секундарно истражување: Резиме

Ограничената вклученост на жените во јавниот живот е директен резултат на вкоренетите патријархални норми и традиционалните родови улоги и стереотипи. Постои тенденција во јавниот живот да доминираат мажите, додека пак од жените првенствено се очекува да ги исполнат негувателските улоги во домот и семејството.[2] Иако овој образец е широко распространето обележје во целата земјата, тој е

1 УНИЦЕФ, „Промовирање на правата на малцинските деца и жени: преглед на политиките и практиките на УНИЦЕФ – Група за правата на малцинствата“, 2010. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.refworld.org/pdfid/4d8ae7782.pdf.

2 „2018 Јавните перцепции за родова еднаквост и насилство врз жените на Западен Балкан и во Турција“, УН Жени | Европа и Централна Азија. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/-2018/05/2019public-perceptions-of-ge-and-vaw-in-the-western-balkans-and-turkey0-https://eca.unwomen.org//digital-library/publications/2019/05/2018-public-perceptions-of-ge-and-vaw-in-the-western-balkans-and-turkey.","plainCitation":"'2018 Public Perceptions of Gender Equality and Violence Against Women in the Western Balkans and Turkey', UN Women | Europe and Central Asia, accessed 9 December 2021, https://eca.unwomen.org//digital-library/publications/2019/05/2018-public-perceptions-of-ge-and-vaw-in-the-western-balkans-and-turkey.","noteIndex":56},"citationItems":[{"id":"UH8qxhRd/f18xxxMj","uris":["http://zotero.org/users/3878557/items/UNF7GUHB"],"uri":["http://zotero.org/users/3878557/items/UNF7GUHB"],"itemData":{"id":865,"type":"webpage","abstract":"The \"2018 Public Perceptions of Gender Equality and Violence against Women\" Infosheets provide insight of current and dominant attitudes and perceptions (and the factors that influence them.

повеќе изразен кај ромската и албанската заедница отколку кај мнозинската македонска заедница.

Во однос на законодавната рамка, Северна Македонија поседува релативно стабилна и опсежна нормативна и институционална рамка насочена кон промовирање на родовата еднаквост. Значаен напредок беше направен по 2000 година, поттикнат од различни фактори, како што се: воведувањето квоти за недоволно застапениот род на кандидатските листи за пратеници (2002 година) и за советници во локалната самоуправа (2004 година); стекнувањето статус на земја кандидат за членство во ЕУ (2005 година); и донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите (2006). Сепак, и понатаму постојат предизвици во спроведувањето и унапредувањето на оваа нормативна рамка.[3]

Спроведувањето на задолжителните квоти заради осигурување застапеност на помалку застапениот род на кандидатските листи на политичките партии за пратенички места и советнички места во локалната самоуправа доведе до зголемување на присуството на жените во политиката. Но сепак, повеќето од овие места ги заземаат Македонки, зад кои веднаш следат жените од албанската заедница. За разлика од нив, жените од помалите заедници се во голема мера исклучени од ваквите можности, што станува особено видливо кога се проценува застапеноста на Ромките на позиции на кои се донесуваат одлуки. Обратно, застапеноста на жените во оние политички улоги за кои не се определуваат квоти, како што се во владата или на градоначалничките места, е значително помала или целосно отсутна.

Меѓународните показатели за родова рамнотежна укажуваат на неурамнотеженост во застапеноста на жените и на разлики во голем број области во Северна Македонија. Индексот на глобалниот родов јаз (ИГРЈ), кој ги следи родовите разлики во четири димензии, како што се: економско учество и можности; образовни достигнувања; здравје и опстанок; и политичко оснажување, ја рангира Северна Македонија на 73-то место од 146 земји, со 71,1% родов јаз.[4]

3 „Евалуација на состојбите со човековите права и владеењето на правото за време на претседавањето со ОБСЕ", Хелсиншки комитет за човекови права, април 2023 година.

4 „Извештај за глобалниот родов јаз за 2023 година", Светски економски форум (weforum.org). Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.weforum.org/publications/global-gender-gap-report2023-/.

# 2. Примарно истражување: резиме

## 2.1. Политичко учество – општа состојба во однос на нивото на вклученост, амбиции и мотивација

Политичкото учество на жените од сите заедници е во голема мера еквивалентно на гласањето на избори. Како резултат на тоа, 72% или повеќе од жените од сите заедници не се директно вклучени и немаат лични амбиции за вклучување во политиката. Главната причина за нивната одлука да не влезат во политиката е незаинтересираноста од страна на сите испитанички. Интервјуираните политичарки изразија разбирање во овој поглед и посебно нагласија дека политиката е „валкана“ работа, особено за жените политичарки. Од друга страна, двете главни мотивации за жените од сите различни заедници кои се вклучени или се стремат да се вклучат во политиката се желбата да влијаат и да ја подобрат состојбата во општеството, како и потребата да влијаат и да ја подобрат состојбата во својата заедница. Потребата да се подобри општеството е, исто така, примарниот мотив и кај интервјуираните политичарки, додека пак потребата за подобрување на својата заедница беше посебно нагласена од страна на интервјуираните политичарки од ромската заедница.

Остварувањето на правото на глас на последните избори беше најниско кај Ромките, со излезност од 63%, во споредба со другите заедници, каде излезноста се движеше помеѓу 73% и 95%. Личните политички убедувања и доследните политички вредности се единствениот основ по кој гласаат повеќето жени од сите заедници, иако овој процент е помал кај Албанките (47%). Некои од интервјуираните политичарки го опишаа нивото на слобода на жените во изразувањето на своите политички уверувања како ниско, особено меѓу жените од помали, позатворени средини, без оглед на етничката припадност.

Вклученоста во политичките партии изнесува околу 10% кај жените од сите заедници, освен кај Бошњачките и Македонките (25% и 17%, соодветно). Меѓутоа, вклученоста на жените во политичките партии главно е ограничена само на членување. Кога се дискутираше за тоа како интервјуираните политичарки влегле во политиката, пет од шест изјавија дека биле препознаени од страна на лидерот на партијата, без претходно активно или значајно ангажирање во рамките на политичката партија.

Околу половина или повеќе од жените од сите заедници сакаат нивните интереси да бидат земени предвид кога се донесува некоја политичка одлука, со најмал процент кај Ромките (44%). Згора на тоа, Ромките и Влаинките укажуваат на највисок степен на незаинтересираност во овој поглед (54% и 52%, соодветно). Процентот на жените кои се изјасниле дека не се заинтересирани да реагираат доколку некоја

политичка одлука е спротивна на нивните интереси е највисок кај Ромките (65%). Интервјуираните политичарки ја нагласија важноста од запознавање на жените со нивните политички права и охрабрување да се борат за своите права.

Жените веруваат дека вештините и знаењата што ги поседуваат не се доволни за да дојдат на високи политички позиции. Најголема самодоверба се бележи за најлокалната предложена позиција, онаа на општинска советничка, каде што жените од сите заедници се поделени околу тоа дали ги поседуваат потребните знаења и вештини. Ромките се исклучок; само 6% веруваат дека ги исполнуваат условите за оваа политичка позиција. Ваквата неизвесност расте колку што е повисока политичката позиција предложена во истражувањето; па така, Ромките и Влаинките се чувствуваат неквалификувани за улоги како што се премиерка или претседателка на државата. И интервјуираните политичарки веруваат дека жените немаат самодоверба во своите способности и знаење, бидејќи нашата културна средина ги учи на понизност и не ги поттикнува нивните амбиции.

## 2.2. Перцепции за жените од заедниците во политиката – етнички и културни перцепции, перспективи и предизвици

Значаен процент од сите заедници (кој се движи од 10% кај Србинките до 36% кај Албанките) сметаат дека Ромската заедница се третира повеќе дискриминаторно во споредба со другите. Ваквата перцепција ја споделуваат и 92% од Ромките. Сите интервјуирани политичарки тврдеа дека се соочиле или сè уште се соочуваат со дискриминација, најчесто поврзана со нивниот род, но, во некои случаи и комбинација од нивниот род и етничката припадност.

Повеќето жени се согласуваат дека жените се недоволно застапени во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија. Оваа перцепција на сличен начин се огледа и во однос на застапеноста на жените од немнозинските заедници во политичкиот живот, при што мнозинството наведоа дека тие се практично невидливи. Жените од сите заедници речиси едногласно се согласуваат дека би било подобро за државата доколку има повеќе жени вклучени во политичкиот живот. Од друга страна, мнозинството од жените од сите заедници го делат и мислењето дека жените треба, пред сè, да бидат добри сопруги и мајки и да се грижат за домот – од 41% од Србинките до 84% од Ромките. Интервјуираните политичарки се согласуваат дека жените се недоволно застапени во политиката, посочувајќи ги како некои од главните причини: недостатокот на амбиција и упорност за вклучување во оваа сфера, како и слабиот пристап до ресурси за жените во политиката. Една пратеничка, исто така, заклучи дека нашата политика и општество ја изедначуваат етничката разновидност со застапеноста само

на македонската и албанската заедница, при што се исклучуваат останатите. Сите тие, исто така, напоменуваат дека општеството очекува жените да ја поносат сета тежина на грижата за домот и семејството, и жените традиционално се придржуваат до овие очекувања, што ги обесхрабрува од активен политички ангажман.

Жените од сите заедници се поделени во мислењето дали жените од немнозинските заедници во политиката имаат моќ да влијаат врз одлуките. Највисок процент на позитивни одговори се бележи кај Србинките (40%), а најмал кај Влаинките (26%). Интервјуираните политичарки се согласија дека моќта да влијаат врз политиката, не само за жените од немнозинските заедници, туку и за жените воопшто, е помала во споредба со мажите. Тие понатаму тврдат дека ваквата состојба е под силно влијание на различниот начин на живеење и традиционалните родови улоги што ги практикуваат мажите и жените во нашето општество, а кои се директно поврзани со практиките на донесување одлуки.

Жените од сите заедници веруваат дека жените политичарки ќе го направат политичкиот живот помалку корумпиран, помалку насилен и ќе ја зајакнат социјалната заштита во државата. Мнозинството од жените не веруваат дека жените политичарки не можат да бидат толку влијателни колку и мажите во спроведувањето на своите политики, со исклучок на Албанките, каде што 51% од нив веруваат во спротивното. Покрај тоа, мнозинството од Ромките (47%) и Македонките (37%) не се согласуваат дека мажите во политиката одлучуваат во името на жените во политиката, спротивно на мнозинството жени од другите заедници.

Кога беа прашани да кажат некој политички лидер чиј стил на лидерство го доживуваат позитивно, огромното мнозинство од жените од сите заедници наведоа маж. Освен тоа, јавноста ретко, ако и воопшто, ги слуша жените политичарки од немнозинските заедници. Имено, кај пет од седумте заедници, над 83% од жените изјавија дека во текот на изминатата недела не слушнале ниту прочитале говор од жена од немнозинските заедници во политиката. Една пратеничка призна дека жените политичарки се помалку видливи за јавноста и го поврза овој проблем со ограничените ресурси достапни за нивните промотивни цели.

Жените, исто така, се скептични во однос на веројатноста жените од немнозинските заедници да дојдат на високи политички позиции во блиската иднина. Над половината од жените (54%) веруваат дека е малку веројатно жените од немнозинските заедници да станат претседателка на државата, а 40% од нив се цврсто уверени дека тоа воопшто и нема да се случи.

Над две третини од жените посочија дека тие никогаш нема да се изјаснат како припаднички на друга заедница, доколку исполнувањето на квотата за одредена заедница е единствениот услов потребен за да се вработат во некоја државна установа. Во исто време, жените од сите различни заедници веруваат дека ваквата практика често се применува во рамките на нивната заедница.

# 3. Препораки

Препознавајќи ја сегашната недоволна застапеност на жените од различните заедници во политичките сфери, нужни се итни и сеопфатни дејствија за да се поправи оваа несразмерност. Ги предлагаме следниве повеќеслојни стратегии со цел поттикнување на поинклузивен политички пејзаж и оснажување на жените од различните средини:

**Политички партии и застапеност:** Политичките партии итно мора да дадат приоритет на зголемување на застапеноста на жените од различните заедници во своите редови. И за мажите и за жените во политиката треба да се обезбедат еднаква поддршка и еднакви ресурси за да се осигурат исти правила на игра за сите и да се промовира родовата правичност.

**Образование и свесност:** Промовирањето на образованието и свесноста за правата на жените и нивното политичко учество е од пресудно значење. Ова ги подразбира и напорите за информирање и оснажување на жените, и за поттикнување на култура на политичка ангажираност и активизам.

**Овозможувачка средина:** Создавањето и негувањето овозможувачка средина за активна политичка вклученост на жените е од суштинско значење. Ова подразбира отстранување на пречките и предрасудите кои го подриваат нивното учество.

**Спроведување на политиките и заштита:** Потребно е да се зајакнат политиките за спречување на насилството, вознемирувањето, дискриминацијата и говорот на омраза врз основа на родот и етничката припадност, со посебен фокус врз случаите кои се однесуваат на жените во политиката. Освен тоа, неопходни се ригорозни механизми за спроведување и следење со цел да се осигура ефективноста на овие заштитни политики.

**Паритет во донесувањето одлуки:** Неопходно е да се воспостават политики кои на жените во политиката ќе им гарантираат еднаков удел на застапеност во сите тела за донесување одлуки. Разновидноста и инклузивноста треба активно да се промовираат преку овие мерки.

**Надминување на културните и општествените препреки:** Утврдувањето и решавањето на културните и општествените препреки кои го подриваат активното вклучување на жените во политиката е од пресудно значење. Потребно е да се поведат иницијативи за уривање на стереотипите и нормите кои ја продолжуваат родовата нееднаквост.

**Развој на менторство и лидерство:** Воведувањето програми за развој на менторство и лидерство за жените во политиката, или за оние кои се стремат кон тоа, е од суштинско значење. Овие програми можат да обезбедат насоки, поддршка и можности за развивање на вештините.

**Подобрување на родовите квоти:** Родовите квоти треба да се подобрат со цел да се осигура минималната застапеност на жените во политичките институции. Ова е клучен чекор кон постигнување родова рамнотежна во телата за донесување одлуки.

**Собирање податоци и транспарентност:** Владините институции и надлежните министерства мора итно да соберат и објават меродавни податоци за политичкото и општественото учество на жените од немнозинските заедници. Општите податоци за родовата еднаквост, исто така, треба систематски да се документираат.

**Пост-законодавен надзор:** Неопходно е да се воспостават механизми за пост-законодавен надзор заради следење на спроведувањето на законодавството за родова еднаквост и правата на заедниците, со цел обезбедување отчетност и ефективност.

**Инвестирање ресурси:** Потребно е позначително инвестирање на ресурси во насока на спроведувањето на нормативната и институционалната рамка за родова еднаквост во државата.

**Екс-анте родово чувствителен надзор на законите:** Законодавството и политиките треба да се осмислат така што да го земат предвид разновидното потекло на жените, со што ќе им се овозможи на донесувачите на одлуките да донесуваат информирани одлуки.

**Усвојување на новиот Закон за родова еднаквост:** Овој закон обезбедува систематски приод кон родовите прашања и се залага за нова национална родова машинерија.

**Установи за згрижување деца и стари и изнемоштени лица и стручен кадар:** Зголеменото инвестирање во инфраструктурата за згрижување и ангажирањето дополнителен стручен кадар е од суштинско значење за поддршка на жените во политиката и олеснување на нивните негувателски задолженија.

# II. Методологија

Ова истражување се занимава со учеството на жените од различните заедници во политичкиот и јавниот живот, и нуди препораки за ефективни мерки и механизми за подобрување на нивната вклученост во политичкиот и јавниот живот на државата. Користејќи комбинација од квантитативни и квалитативни методи на истражување, студијата врши анализа и на примарни и на секундарни податоци. Процесот на собирањето податоци се состоеше од:

- сеопфатен преглед на литературата,
- испитување на меродавното законодавство,
- анкети лице в лице спроведени на репрезентативен или национален примерок, и
- спроведување полуструктурирани интервјуа.

## Секундарно истражување

Оваа методологија на истражување подразбира собирање информации од различни извори, вклучувајќи ги и меродавните студии, политики и истражувачки трудови, извештаи од граѓанските организации и меѓународните субјекти, како и научни статии и публикации. За потребите на оваа студија, предвид беа земени постоечките меродавни податоци. Постоечките податоци беа концизно сумирани и организирани за да се подобри целокупната ефикасност на студијата. Освен тоа, беше испитана и правната и институционалната рамка која се однесува на родовата еднаквост.

Во прегледот беа вклучени податоци од владините субјекти, министерствата, Државниот завод за статистика и од други меродавни извори. Секундарното истражување навлезе во современите трендови и предизвици со кои се соочуваат жените од немнозинските заедници. Беше применета лонгитудинална перспектива, следејќи ги нивоата на социоекономско учество на жените од немнозинските заедници во текот на годините за кои беа достапни податоци.

# Примарно истражување

## • Анкета

Анкетата лице в лице спроведена на национално ниво прибави меродавни податоци, кои потоа се анализираа и преточија во сеопфатни информации. Анкетниот прашалник се состоеше од затворени прашања осмислени така што да се проценат различните аспекти на политичкото учество на жените. Собраните квантитативни податоци беа обработени со помош на софтверски алатки, како што се: SPSS Statistics и Microsoft Excel; користејќи основни описни статистички методи, како што се: фреквенции и вкрстени табели. Пред обработката, базата на податоците беше подложена на темелни проверки за да се поправат влезните грешки и пропусти вообичаени за овој тип на истражување.

Преку примарното истражување на податоците се анализираа податоците добиени од прва рака, и се преточија во сеопфатни информации за мерење на различните аспекти на политичкото и јавното учество на жените на национално ниво. Со анкетата се испитаа нивоата на, и условите за, политичкото и јавното учество на жените од различните заедници, нивната перцепција за ангажираноста на жените во политиката, а беше направена и споредба на добиените информации.

При собирањето податоци се користеше случаен повеќефазен стратификуван примерок на жени претставнички на седум заедници на национално ниво. Употребената методологија се состоеше од лице в лице компјутерски потпомогнато лично интервјуирање (Computer-assisted Personal Interviewing, CAPI). Големината на примерокот опфатен со анкетата изнесуваше N = 1002, со маргинална грешка од 3%, и ниво на веродостојност од 95%. Пополнетите и важечки прашалници се собираа во периодот од 16.06.2023 до 10.07.2023 година. За да се осигура автентичноста на одговорите, се користеше двојазична верзија на прашалникот, достапна на македонски и албански јазик.

**Табела 1.** Демографска структура на испитаничките

| | | Вкупен примерок | Процент |
|---|---|---|---|
| | | Број | Колона N % |
| Вкупно | Вкупно | 1002 | 100 |
| Возраст | 18-29 | 206 | 20 |
| | 30-39 | 162 | 17 |
| | 40-49 | 257 | 27 |
| | 50-59 | 213 | 20 |
| | 60-69 | 164 | 16 |
| Заедница | Македонки | 564 | 64 |
| | Албанки | 258 | 26 |
| | Ромки | 39 | 3 |
| | Турчинки | 42 | 4 |
| | Србинки | 30 | 1 |
| | Бошњачки | 35 | 1 |
| | Влаинки | 34 | 1 |
| Место на живеење | Урбана средина | 783 | 59 |
| | Рурална средина | 219 | 41 |
| Регион | Вардарски | 66 | 8 |
| | Источен | 84 | 8 |
| | Југозападен | 91 | 10 |
| | Југоисточен | 82 | 8 |
| | Пелагониски | 101 | 12 |
| | Полошки | 129 | 14 |
| | Североисточен | 91 | 8 |
| | Скопски | 358 | 33 |

## • Интервјуа

Како дополнителен метод за собирање податоци, беа спроведени полуструктурирани интервјуа со цел да се засегнат поапстрактните аспекти на истражувањето. Овие интервјуа дадоа поопсежен увид, навлегувајќи подлабоко во политичкото учество на жените од немнозинските заедници. Отворените дискусии за време на интервјуата открија дополнителни информации за различните појави поврзани со оваа тема. Освен тоа, полуструктурираниот прашалник за интервјуата го олесни собирањето податоци со тоа што ги надмина првично предвидените прашања за теренската анкета.

Примерокот за овие интервјуа се состоеше од 6 жени кои беа избрани врз основа на нивната политичка ангажираност и етничката припадност. Спроведени во август 2023 година, интервјуата се фокусираа на оние домени од политичкото и јавното учество што беа избрани поради нивната висока меродавност за темата на истражувањето. Овие интервјуа се одржаа по завршувањето на теренската анкета и првичниот преглед на нејзините резултати, што даде можност да се дискутираат дополнителни информации.

Квалитативните податоци добиени од интервјуата беа обработени преку методите на содржинска анализа и дискурсивна анализа. Веродостојноста беше поткрепена со користење на шифри осмислени за претставување на утврдените теми, кои систематски се применуваа врз податоците. Анализата на интервјуата подразбираше испитување на повторливите обрасци, што даде можност за нивно детално толкување. Наодите од овие анализи беа беспрекорно интегрирани во текстот за да се расветлат различните аспекти на политичкото учество на жените од немнозинските заедници.

# III. Вовед

Ова истражување има за цел да придонесе кон поширокиот дискурс за родовата еднаквост во Северна Македонија, посебно фокусирајќи се врз политичката ангажираност на жените од немнозинските заедници. Неговата примарна цел е да се оцени јавната вклученост на жените од немнозинските заедници преку испитување на нивното учество во, и нивните перцепции за, политичкиот живот во државата. Во светски рамки, жените заземаат само 24% од пратеничките места, значително помал процент во споредба со мажите.[5] За разлика од тоа, Северна Македонија е сведок на постојан пораст на бројот на жените пратенички. По неговото конституирање по парламентарните избори во јули 2020 година, Собранието имаше 41 жена пратеничка, или 39,1%, што е помалку од претходниот парламентарен состав (2016–2020), кога жените сочинуваа 40% од пратениците.[6] Меѓутоа, застапеноста на жените во извршните улоги останува несоодветна, при што ниту една жена не зазема ниту една висока позиција, како што се, на премиер, претседателка на државата или претседателка на Собранието. Во составот на Владата во периодот 2020–2024 година, жените се најдоа на само пет од 20 владини позиции, и само две од 81 градоначалници беа жени. Во области без определени квоти, учеството на жените често се движи околу минималните законски барања, при што состојбата е уште потешка ако се зема предвид политичкото учество на жените од заедниците.

Со оглед на повеќеслојните предизвици со кои се соочуваат жените во јавниот живот во Северна Македонија, оваа студија има за цел да го истакне нивото на, и условите за, политичкото учество на жените од немнозинските заедници во Северна Македонија. Истражувањето е структурирано така што првин да се истражи

5 „ЦОР 5: да се постигне родова еднаквост и да се оснажат сите жени и девојки", УН Жени. Пристапено на 9 декември 2023 година. Достапно на: https://www.unwomen.org/en/news/in-focus/women-and-the-sdgs/sdg-5-gender-equality.","plainCitation":"'SDG 5: Achieve Gender Equality and Empower All Women and Girls', UN Women, accessed 9 December 2021, https://www.unwomen.org/en/news/in-focus/women-and-the-sdgs/sdg-5-gender-equality.","noteIndex":1},"citationItems":[{"id":"UH8qxhRd/xwTdIKDI","uris":["http://zotero.org/users/3878557/items/662ERCNM"],"uri":["http://zotero.org/users/3878557/items/662ERCNM"],"itemData":{"id":884,"type":"webpage","abstract":"How can women help achieve gender equality and empower all women and girls?","container-title":"UN Women","language":"en","title":"SDG 5: Achieve gender equality and empower all women and girls","title-short":"SDG 5","URL":"https://www.unwomen.org/en/news/in-focus/women-and-the-sdgs/sdg-5-gender-equality","accessed":{"date-parts":[["2021",12,9]]}}}],"schema":"https://github.com/citation-style-language/schema/raw/master/csl-citation.json"} https://unstats.un.org/sdgs/gender-snapshot/2023/GenderSnapshot.pdf.

6 Меѓународна база на податоци на националните парламенти, Парлине: платформа на отворени податоци на ИПУ. Пристапено на 9 декември 2023 година. Достапно на: https://data.ipu.org/node/171/basic-information?chamber_id=13391.

контекстот на политичкото учество на жените од немнозинските заедници, по што следува преглед на домашната правна рамка. Потоа, студијата го изложува примарното собирање податоци преку анкети и интервјуа. На крајот, студијата нуди заклучоци и препораки за политики, механизми и дејствија за подобрување на политичкото учество на жените од немнозинските заедници во Северна Македонија.

# IV. Секундарно истражување: преглед на политичкото учество на жените од немнозинските заедници

## 1. Контекст

Северна Македонија се здоби со независност на национален референдум одржан на 8 септември 1991 година, обележан со етнички поделби и бојкот од страна на етничките Албанци кои бараа еднакво признавање.[7] И покрај немањето консензус, Уставот беше усвоен во ноември истата година, со што етничките Македонци декларативно беа ставени во поповолна положба од другите етнички групи.[8] Преамбулата беше изменета во јануари 2019 година како дел од Преспанскиот договор и Охридскиот рамковен договор, при што се укина фаворизирањето на јазикот на една етничка група.[9] Етничките тензии, особено помеѓу Македонците и Албанците, ескалираа една деценија по независноста, што доведе до насилен конфликт во 2001 година.[10] Со Охридскиот рамковен договор, потпишан во август 2001 година, се воведоа многу институционални промени во однос на меѓуетничките односи, кои и до денес сè уште се во сила.[11] И додека ОРД главно се фокусира

7 Цвете Конеска, „По етничкиот конфликт: креирање политики во постконфликтната Босна и Херцеговина", Студии за Југоисточна Европа, 2014;
Гзим Красниќи, „'Забранетото овошје': Исламот и политиката на идентитет во Косово и Македонија, Студии за Југоисточна Европа и Црноморскиот регион 11, бр. 1) 2 јуни 2011 година): 2011 ,207–191.

8 Гзим Красниќи, „'Забранетото овошје': Исламот и политиката на идентитет во Косово и Македонија, Студии за Југоисточна Европа и Црноморскиот регион 11, бр. 1) 2 јуни 2011 година): 2011 ,207–191.

9 ЕВБ, „Владата на Македонија ги усвои нацртите на четири уставни амандмани", Европски Западен Балкан (блог), 2 ноември 2018 година. https://europeanwesternbalkans.com/2018/11/02/government-macedonia-adopts-drafts-four-constitutional-amendments/.

10 ЕВБ, „Владата на Македонија ги усвои нацртите на четири уставни амандмани", Европски Западен Балкан (блог), 2 ноември 2018 година. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://europeanwesternbalkans.com/2018/11/02/government-macedonia-adopts-drafts-four-constitutional-amendments/.

11 „Охридски рамковен договор | ОБСЕ", 2001. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.osce.org/skopje/100622.

на правата на албанското население, другите заедници во голема мера останаа исклучени од овие аранжмани и политики.[12] Жените, како специфична категорија на граѓани, исто така, беа исклучени од ваквите документи и политики со кои се уредуваат меѓуетничките односи.

Последниот официјален попис во 2021 година покажа дека, од постојаното население, 58% од испитаниците се изјаснуваат како Македонци, 24% како Албанци, 4% како Турци, 3% како Роми, 1% како Срби, 1% како Власи, 1% како Бошњаци и 8% како други. Податоците од пописот покажуваат дека, од вкупното постојано население на Република Северна Македонија, 50,4% се жени, а 49,6% се мажи.[13]

Уставот на државата и националните закони експлицитно гарантираат целосна еднаквост помеѓу мажите и жените и, исто така, ги уредуваат и правата на заедниците, макар што не преку интерсекционален објектив кој ја уважува различната природа на предизвиците со кои се соочуваат жените од немнозинските заедници. Отсуството на какви било правни разлики во однос на капацитетот помеѓу родовите подразбира дека жените не се соочуваат со правни ограничувања во политичкото учество, сопственоста на имотот, поведување правни постапки и друго. Меѓутоа, и покрај законските одредби кои гарантираат еднаквост, жените често се маргинализирани од политичките активности и се борат да ги остварат своите права. Предизвиците со кои се соочуваат жените во руралните средини ги надминуваат оние со кои се соочуваат жените во урбаните средини.[14] Нивното ограничено вклучување во процесите на донесување одлуки, ограничениот пристап до здравствените услуги, и помалку економски можности што ги имаат придонесуваат за зголемена ранливост кон насилство.[15] Понатаму, културните и социјалните препреки, кои особено ги погаѓаат Ромките, додаваат уште еден слој на комплексност на ситуацијата, особено имајќи предвид дека образовните достигнувања на ромските лица се значително пониски, при што Ромките се соочуваат со најголеми разлики, што подоцна влијае врз нивните можности да се приклучат кон политичкиот и еко

12 Богдан Лучијан Ауреску и Клер Бејзи-Малори, „Усвоено од Венецијанската комисија на нејзината 114-та пленарна седница (Венеција, 16-17 март 2018 година)", 2018, 18.

13 Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.stat.gov.mk/pdf/2.1.22.10/2022Popis-mk-en.pdf.

14 Линдита Незир и Абдула Азизи, „Помеѓу законот и традицијата: практиката на (не)учествување на девојките од албанската заедница во Македонија во наследувањето на семејниот имот", 2018. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://revistia.org/files/articles/ejis_v4_i1_18/Lindita.pdf.

15 Марина Тошеска, 2021, „Положбата на руралните жени во македонското општество", Здружение за рурален развој, Локална акциска група 'Агро Лидер'. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://lagagrolider.mk/sites/default/files/polozhbata_na_ruralnite_zheni_vo_makedonskoto_opshtestvo.pdf.

номскиот живот.[16] Комитетот ЦЕДАВ уште забележува и дека Ромките се особено ранливи на интерсекционална дискриминација во својот пристап до здравството, правосудството и другите права.[17]

Државата јасно се посвети на постигнување родова еднаквост и оснажување на жените со тоа што стана потписник на Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (ЦЕДАВ), Пекиншката платформа за акција на ОН, Истанбулската конвенција, и со спроведување реформи поврзани со ЕУ во согласност со Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА).

Сепак, иако со ратификувањето на меѓународните договори и со Уставот во член 9 се прецизира дека „сите граѓани се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба“, во него недостасуваат посебни одредби за заштита на жените од заедниците. Овој пропуст ги прави жените од немнозинските заедници подложни на различни нивоа и форми на дискриминација, иако членот 110 од Уставот експлицитно забранува дискриминација на граѓаните „по основ на пол, раса, верска, национална, социјална и политичка припадност“.[18] За темелно да се разбере влијанието на уставната заштита, потребно е да се ревидира правната рамка со цел да се даде поддршка на обврските преземени со Уставот.

Повеќето студии спроведени на терен, исто така, ја потврдуваат дискриминаторната положба на жените од заедниците во Северна Македонија, и тоа во повеќе аспекти. Барометарот за еднакви можности за 2023 година ја истакнува дискриминацијата врз основа на етничката припадност како втора најраспространета форма на дискриминација, посочена од над половина од испитаниците (53%), додека пак родовата дискриминација беше посочена од страна на 40% од луѓето.[19] Имајќи ги

16 „Ниту едно дете да не се изостави. Градење правичност за децата. | УНИЦЕФ Северна Македонија“, 2012. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.unicef.org/northmacedonia/media/3081/file/MK_2013_SitAnChildrenFindings_Report_ENG.pdf.accessed 8 December 2021, https://www.unicef.org/northmacedonia/reports/leave-no-child-behind-building-equity-children.”,”plainCitation”:”‘Leave No Child Behind Building Equity for Children | UNICEF North Macedonia’, accessed 8 December 2021, https://www.unicef.org/northmacedonia/reports/leave-no-child-behind-building-equity-children.”,”noteIndex”:64},”citationItems”:[{“id”:”UH8qxhRd/N5Cctkcm”,”uris”:[“http://zotero.org/users/3878557/items/F63HLANL”],”uri”:[“http://zotero.org/users/3878557/items/F63HLANL”],”itemData”:{“id”:823,”type”:”webpage”,”title”:”Leave no Child Behind Building Equity for Children | UNICEF North Macedonia”,”URL”:”https://www.unicef.org/northmacedonia/reports/leave-no-child-behind-building-equity-children”,”accessed”:{“date-parts”:[[“2021”,12,8]]}}}],”schema”:”https://github.com/citation-style-language/schema/raw/master/csl-citation.json”}

17 Комитет за елиминација на дискриминацијата врз жените, ЦЕДАВ (2020), „Ставови усвоени од Комитетот согласно членот 7 (3) од Факултативниот протокол во врска со Комуникацијата бр. 143/2019“. Пристапено на 25 јуни 2024 година. Достапно на: https://documents.un.org/doc/undoc/gen/n20/344/18/pdf/n2034418.pdf?token=8Qcmtxc6gHuyfCebXr&fe=true.

18 Устав на Република Северна Македонија. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.sobranie.mk/ustav-na-rm.nspx.

19 Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2023, „Извештај: барометар за еднакви можности“. Пристапено на 25 јуни 2024 година. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/2/0/560037.pdf.

овие бројки предвид, положбата на жените од заедниците во државата кои се изложени на двојна дискриминација, врз основа на етничката припадност и родот, е далеку од оптимална.

Понатамошниот увид во основите за дискриминација ни открива дека жените со попреченост се поранливи во однос на мажите со попреченост во пристапот до нивните политички права. Анализата на политичкото учество на лицата со попреченост покажува дека 69% од граѓаните без попреченост би гласале за маж со физичка попреченост да стане пратеник, но овој процент се намалува за 11% кога станува збор за жените со попреченост. Ваквата јавна перцепција покажува дека стереотипите опстојуваат не само во однос на попреченоста, туку и по основ на родот во комбинација со попреченост. Покрај тоа, истражувањето забележува и дека, слично на општата јавност, и политичките партии со поголема веројатност би ги поддржале мажите со попреченост отколку жените со попреченост.[20]

Разгледувајќи ја општата состојба од различни аспекти, Индексот за родова еднаквост за 2022 година нагласува дека, иако во Северна Македонија постои растечки тренд во однос на родовата еднаквост, со зголемување на резултатот од 2,5 бода за период од три години, напредокот има бавно темпо (2022 – 64,5 бода; и 2019 година – 62 бода; од максималните 100). Во однос на индексниот бод за доменот 'моќ', одредено подобрување се забележува и поради подобрувањата на речиси сите показатели во поддомените на политичката, економската и општествената моќ. Меѓутоа, овој домен е вториот домен во кој Северна Македонија бележи најниски резултати, што укажува на највисока родова нееднаквост.[21]

## 2. Нормативни и институционални механизми кои се однесуваат на родовата еднаквост во Северна Македонија

Во текот на 1920-тите и 1930-тите години, жените почнаа да се здружуваат и да соработуваат на глобално ниво со цел да ги унапредат женските права и да се залагаат за родова еднаквост во различните домени. Беа основани наднационални иницијативи, вклучително и меѓународни институции и алатки насочени кон постигнување родова еднаквост и подобрување на состојбата со немнозинските

20 Елена Кочоска, 2018, „Анализа на политичкото учество на лицата со попреченост", Мисија на ОБСЕ во Скопје. Пристапено на 25 јуни 2024 година. Достапно на: https://www.osce.org/files/Analysis%20of%20the%20Political%20Participation%20of%20PwDs_ENG.pdf.

21 Марија Башевска, 2022, „Индекс на родова еднаквост за Северна Македонија, 2022". Пристапено на 25 јуни 2024 година. Достапно на: https://eige.europa.eu/sites/default/files/documents/Gender20%Equality20%Index20%for20%North20%Macedonia29%282022%20%.pdf.

заедници. Овие глобални напори значително влијаеја врз пишувањето на национални закони и врз траекторијата на нормите и институционалните механизми за родова еднаквост. Во согласност со меѓународните трендови, Северна Македонија низ годините постепено ја разви својата правна и институционална рамка во врска со родовата еднаквост.

Наследени од претходниот политички систем на СФР Југославија, родово чувствителните правни решенија за правата на жените и родовата еднаквост во Северна Македонија на почетокот беа ограничени. Креаторите на политиките во новоформираната суверена држава мораа да ги развијат и унапредат овие решенија. Во 1991 година, за време на референдумот за отцепување од Југославија, првиот претседател, Киро Глигоров, во своето обраќање употреби родово чувствителен јазик, означувајќи ги првите чекори кон градење демократска држава која уставно ја поддржува еднаквоста за сите граѓани, без разлика на родот, верата или националноста.

Анализирајќи ја историската правна рамка, значаен период на забележлив напредок настапи уште во првата деценија од независноста на Северна Македонија (1991–2000), кога се донесоа седум клучни правни документи поврзани со родовата еднаквост. Од 2000 до 2010 година беа усвоено уште 14 правни решенија, што претставува значителен пораст на родово чувствителната правна рамка. Во факторите кои придонесоа за овој развој спаѓаат: зголемување на бројот на жени во политичките улоги; кандидатурата на државата за членство во ЕУ во 2005 година; и усвојувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите во 2006 година.

**Уставната поставеност** на родовата еднаквост во Северна Македонија се придржува до меѓународните правни стандарди, обезбедувајќи еднакви права без разлика на родот и националноста. Членот 9 експлицитно гарантира еднаквост помеѓу жените и мажите во граѓанските и политичките слободи. Меѓутоа, Уставот користи родово неутрален јазик, осврнувајќи се на двата рода како „граѓанин/граѓани", и не ги спомнува експлицитно бременоста, родовиот идентитет, сексуалната ориентација или репродуктивните права, ниту пак пресекот помеѓу родот и етничката припадност.

Преточувајќи ги уставните заложби во дело, **Законот за еднакви можности на жените и мажите**, **усвоен во 2006 година** и подоцна изменет, служи како основен правен акт за промовирање на еднаквите можности во различните аспекти на општествениот живот. Амандманите од 2012 и 2015 година го проширија опсегот на законот, засегнувајќи ги слабостите утврдени со анализата и повратните информации од невладиниот сектор, ЕУ и ОБСЕ/ОДИХР. Со законот се воспоставија телата како што се: **Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, меѓуминистерски групи и родови координатори**.

Во 2019 година, извештајот ги истакна предизвиците на локално ниво, каде што комисиите често не беа свесни за своите должности и ретко се состануваа, **особено во општините населени со немнозинските заедници**. Законот налага специјални привремени мерки за надминување на родовата нееднаквост и бара институциите да поднесуваат годишни извештаи за спроведените мерки.

**Законот за спречување и заштита од дискриминација**, донесен во 2020 година, има за цел да ја спречи и да заштити од дискриминација, усогласувајќи го националното законодавство со стандардите на ЕУ. Првично критикуван поради неговите недостатоци, ревидираниот закон сега ги вклучува родовиот идентитет и сексуалната ориентација како основи за дискриминација. Законот зборува за различни форми на дискриминација и со него се основа Комисијата за заштита од дискриминација, којашто функционира од февруари 2021 година. **Законот има суштинска улога во борбата против повеќекратните облици на дискриминација со која се соочуваат жените поради испреплетеноста на идентитетите**. Сеопфатното испитување на жалителите ни открива интересни обрасци. **Извештајот на Комисијата за 2021 година, кој ги зема предвид и родот и етничката припадност, покажа дека, меѓу македонските подносители на жалби, 61% беа мажи, додека пак 39% беа жени**. Од друга страна, жалбите поднесени од страна на Албанците доаѓаа исклучиво од мажите. За разлика од нив, во рамките на ромската заедница, доминантните подносители на жалби беа Ромките. Анализата на жалбите, исто така, ни покажа дека жените најчесто пријавуваат дискриминација врз основа на образованието, додека пак мажите пријавуваат дискриминација врз основа на нивните политички убедувања и етничка припадност.[22] Извештајот за 2022 година покажува дека 42% од жалбите беа поднесени од жени, при што најчести основи за дискриминација беа националната или етничката припадност, личните карактеристики и социјалниот статус, политичките убедувања и родот.[23]

За да се одговори на недоволната застапеност на жените во политиката, со **Законот за избор на пратеници во Собранието** во 2002 година првично се воведе квота од 30% за недоволно застапениот пол на кандидатските листи на политичките партии. Меѓутоа, поради недоволната прецизност, жените често ги заземаа пониските позиции на листите, што го попречи нивниот изборен успех. Одредбата на **Изборниот законик** од 2006 година пропиша дека едно на секои три места на кандидатските листи за пратеници или општински советници треба да биде резервирано за помалку застапениот пол, односно жените, со што се обезбеди поправична

22 „Годишен извештај за 2021 година“, Комисија за спречување и заштита од дискриминација. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://kszd.mk/wp-content/uploads/03/2022/CPPD-Annual-Report2021-.pdf.

23 „Годишен извештај за 2022 година“, Комисија за спречување и заштита од дискриминација. Пристапено на 25 јуни 2024 година. Достапно на: https://kszd.mk/wp-content/uploads/05/2023/%D%93%0D%0BE%D0%B%4D%0B%8D%88%1D%0B%5D%0BD-%D%98%0D%0B%7D%0B%2D%0B%5D%88%1D%82%1D%0B0%D2022-98%1.pdf.

распределба. Со стапувањето на сила на Изборниот законик во 2006 година, Законот за избор на пратеници престана да важи. Со понатамошните измени на Изборниот законик во 2014 година се дадоа гаранции за задржување и зголемување на бројот на жените пратенички и советнички, при што се даде можност следната жена кандидатка да ја замени жената што заминува. Со измените од 2015 година се наложи најмалку 40% од кандидатите на листите да припаѓаат на недоволно застапениот пол, со дополнителни барања за конкретни позиции.

Во 2014 година, со донесувањето на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство се презеде значаен чекор во борбата против семејното насилство. Меѓутоа, законот наиде на критики поради немањето родова чувствителност, пропустот да го дефинира семејното насилство како родово засновано, и несоодветните одредби за решавање на проблемот. **Препознавајќи ги овие недостатоци, во 2021 година беше донесен нов Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.** Примарната цел на овој закон е да се спречи и да се сузбие родово заснованото насилство врз жените и семејно насилство, со обезбедување ефективна заштита на жртвите. Придржувајќи се до начелата на еднаквост и отстранување на стереотипите за родовите улоги, законот е усогласен со меѓународните договори и конвенции.

Во 2017 година, Собранието ја ратификуваше **Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство – Истанбулската конвенција**, која стапи на сила во 2018 година. Конвенцијата бара државите да изработат закони, политики и услуги за поддршка за да им се стави крај на насилството врз жените и семејното насилство. Во овој поглед, Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство донесен во 2021 година е целосно усогласен со Истанбулската конвенција.

Со ова законодавство се уредува делувањето на институциите во насока на спречување на родово заснованото насилство и семејното насилство, како и мерките за заштита на жените. Се нагласува координацијата помеѓу институциите, организациите, службите за заштита на жртвите и собирањето податоци поврзани со родово заснованото насилство врз жените и семејното насилство. Речникот на законот е родово чувствителен, обезбедувајќи јасност на поимите, како што се: „насилство врз жените", „родово засновано насилство врз жените", „род", „пол" и „трансродово лице". Законот налага превентивни и заштитни мерки за институциите и организациите заради ефикасна заштита на жртвите. Освен тоа, законот вклучува и одредби за реинтеграција на жртвите, што подразбира привремено сместување, психолошко советување, финансиска помош, образовни можности и мерки за вработување.

Со законот се установи и Националното координативно тело за спроведување на Конвенцијата на Совет на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство. Ова тело е задолжено да ги подготви и следи

стратегијата и националните акциски планови, да ги координира институционалните напори, и да го надгледува спроведувањето на конвенцијата и националните политики за родово заснованото насилство врз жените и семејно насилство.

Во 2023 година, за време на пленарната седница на Собранието по повод одбележувањето на Осми март, денот на жената, пратениците разговараа за **потребата од усвојување на Законот за родова еднаквост** и заклучија дека овој закон треба да се усвои до крајот на годината. Целта на предлог-законот е да се промовира родовата еднаквост во општеството и да се зајакнат институционалните механизми кои се занимаваат со родови прашања на централно и локално ниво. Законот предвидува интерсекционални и родово трансформативни приоди кои се суштински за справувањето со стереотипите и предрасудите. Меѓутоа, овој нацрт-закон наиде на отпор кој го промовираа и организираа верските заедници, така што сè уште чека на усвојување.[24]

Покрај тоа, неколку други закони, подзаконски акти и други правни инструменти ги уредуваат аспектите на родовата еднаквост и етничките заедници преку конкретни одредби. Меѓу другото, Владата и нејзините тела ја подготвуваат и стратегијата за родова еднаквост и придружните акциски планови.

Во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите, Владата ја подготви **Стратегијата за родова еднаквост**, која потоа Собранието ја усвои. Примарната цел на стратегијата е да се промовираат еднаквите можности за жените и мажите во сите аспекти на општествениот живот. Стратегијата е составена од неколку дела, во себе ја вклучува и нормативната и институционалната рамка за родови прашања, ја анализира моменталната состојба во оваа област, и ги поставува националните приоритети, како и насоките и мерките за постигнување на целите и приоритетите.

Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2022–2027 година беше усвоена во јули 2022 година.[25] Оваа стратегија е четвртиот стратешки документ од оваа област и се надоврзува на Националната стратегија за родова еднаквост 2013–2020, Националниот акциски план за родова еднаквост 2007–2012, и Националниот акциски план за родова еднаквост од 1999 година. Новата стратегија (2022–2027) предвидува три општи цели, како што се воспоставување ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво; подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот; и потиснување на родовите стереотипи и градење култура на ненасилство и

24 Дојче Веле, 2023, „Родова еднаквост – во менгеме помеѓу табуата и реалноста". Пристапено на 25 јуни 2024 година. Достапно на: https://www.dw.com/mk/rodova-ednakvost-vo-mengeme-megu-tabuata-i-realnosta/a67362052-.

25 „Усвоена е Стратегијата за родова еднаквост 2027-2022", Министерство за труд и социјална политика. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.mtsp.gov.mk/pocetna-ns_article-mtsp-izglasana-strategijata-za-rodova-ednakvost-2027-2022-godina.nspx.

недискриминација врз основа на полот, родот и родовиот идентитет. Во моментов се спроведува Националниот акциски план за родова еднаквост кој го опфаќа периодот од 2022–2024 година.

Во согласност со Законот за еднакви можности на жените и мажите, Министерството за труд и социјална политика е обврзано да го следи спроведувањето на Стратегијата и да објавува годишни извештаи за активностите и резултатите од нејзиното спроведување. Последниот извештај што министерството го поднесе до Собранието беше **Извештајот за спроведување на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година.**[26] Меѓутоа, извештајот во сенка покажа дека извештајот на министерството за спроведување на Националниот акциски план 2018–2020 не ги следи показателите предвидени со Акцискиот план, а стилот на известување не дава јасен и сеопфатен преглед за напредокот на родовата еднаквост во Северна Македонија или за степенот на спроведување на Националниот акциски план 2018–2020.[27]

Актуелната [28]Влада на Република Северна Македонија е посветена на родовата еднаквост, борбата против родовите стереотипи, и отстранувањето на родово заснованото насилство, како што е наведено во нејзината Работна програма за 2020–2024 година. Програмата ја нагласува активната политика за зголемување на застапеноста на жените во извршните и избраните владини позиции. Конкретните политики вклучуваат: поддршка на жените земјоделки, промовирање на родовата еднаквост во спортот, спроведување мерки за вработување заради намалување на неактивноста на жените на пазарот на трудот, и започнување на програма за реинтеграција на жените жртви на насилство.

Освен тоа, Националната стратегија за еднаквост и недискриминација (2022–2026), донесена од Владата, ги дефинира целите, мерките и показателите за промовирање на правата и еднаквите можности. Таа предвидува остварување на човековите права, еднакви можности и недискриминација за сите, со мисија да се обезбеди заштита од дискриминација врз основа на личните карактеристики, особено насочувајќи се врз ранливите општествени групи, како што се етничките заедници и жените. Стратегијата опфаќа различни области, вклучувајќи ги и: работата, вработувањето, образованието, науката, спортот, културата, социјалната заштита, правосудството, администрацијата и пристапот до стоки и услуги.

26 „Годишен извештај за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост за 2019 година", Министерство за труд и социјална политика. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.sobranie.mk/2020-2024-aktivnosti-ns_article-prezentacija-na-evaluacijata-na-strategijata-za-rodova-ednakvost-2013-2020.nspx.

27 „Извештај во сенка за имплементацијата на Стратегијата за родова еднаквост за периодот 2018 и 2019 година", Реактор, 2020. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://shorturl.at/ilF79.

28 Овој извештај беше напишан во текот на 2023 година.

Владината Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост (2010–2020) се однесува на сиромаштијата и социјалната исклученост, со силен фокус врз економското оснажување на жените. **Со неа се воведуваат афирмативни мерки за намалување на социјалната исклученост и стапките на сиромаштија кај жените, особено оние од руралните средини, етничките заедници и жртвите на семејно насилство**. Стратегијата ја уважува потребата од подобрување на институционалните капацитети за подобрување на здравјето, особено за ранливите групи, вклучувајќи ги и жените. Како резултат се истакнува зголемената родова еднаквост, со мерки насочени кон зголемување на учеството на жените на пазарот на трудот и намалување на разликите во вработеноста и платите.

Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство има за цел да осмисли, спроведе и координира сеопфатна национална политика за спречување и елиминирање на насилството врз жените. Тој го опфаќа периодот од 2018–2023 година и се фокусира на усогласување на националните закони со Конвенцијата, воспоставување услуги за заштита на жртвите, и спречување на родово заснованото и семејното насилство преку низа активности.

Конечно, Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам (2020–2022) има за цел да изгради општество со развиен интеркултурализам, уважувајќи ги сите разлики и обезбедувајќи еднаквост, социјална правда и еднакви можности за жените и мажите. Во своите приоритетни цели, Стратегијата содржи родова перспектива и начело на недискриминација врз основа на родот и етничката припадност, со наменска цел исклучиво фокусирана на унапредувањето на социјалната кохезија и интегрирањето на загарантираната родова еднаквост, недискриминацијата и еднаквите можности за сите.

Во следниот раздел ќе разгледаме како сеопфатното законодавство и стратегиите усвоени од страна на Собранието и Владата се преточуваат во стварно учество на жените во политичкиот живот на државата, и дали оваа широка нормативна рамка проактивно обезбедува учество на жените од заедниците.

# 3. Учество на жените од заедниците во политичкиот живот

Жените во државава се во голема мера исклучени од јавните и политичките сфери, останувајќи анонимни во важните политички настани. И покрај добивањето право на глас и изборни права во 1946 година, нивната политичка вклученост беше минимална. Од независноста во 1991 година, клучните лидерски позиции, како што се:

премиер, претседател, и претседател на Собранието, беа исклучиво во рацете на мажите. Две преодни влади на Северна Македонија имаа жени за премиерки, и тоа на краток рок во 2004 година, од кои едната служеше 21 ден, а другата 24 дена.[29] Помеѓу 1991 и 2002 година, застапеноста на жените во Собранието се движеше помеѓу 3% и 8%. Во 2002 година, со донесувањето на одредбата за 30% жени на листите за пратеници, застапеноста на жените во Собранието се зголеми на 20% за парламентарниот состав во 2002–2006 година.[30] Податоците од 1996 до 2021 година укажуваат на тоа дека, од 660 избрани градоначалници, само 18 беа жени.[31] Ваквата недоволна застапеност укажува дека законодавството за женските прашања и родовата еднаквост не е приоритет.

Сепак, жените успешно се залагаа за родовите квоти, што доведе до значително зголемување на бројот на пратеничките. Во моментов Собранието брои 51 пратеничка, што претставува 42,5%, најмногу досега.[32] Зголемувањето на бројот на мандатите започна по парламентарните избори во 2020 година, кога мажи пратеници преминаа на извршни функции поради реконструкцијата на составот на Владата или станаа градоначалници во 2021 година, што им овозможи на жените да ги пополнат испразнетите пратенички места по пат на „сендвич-системот".

Во поглед на комисиите, кои служат како почетни форуми за парламентарни дебати и законодавни процеси, една студија спроведена од страна на Парламентарниот институт (ПИ) на Собранието на Република Северна Македонија откри дека, од вкупно 21 комисија, осум имаат пониска застапеност на жените, која паѓа под 27%. Обратно, само една комисија – Комисија за финансирање и буџет – може да се пофали со еднаква застапеност на родовите. Девет комисии имаат повисока застапеност на жените, над 50%, со тоа што Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е значајна по тоа што има исклучиво женски членови, освен двајца мажи пратеници кои служат како замени.

Жените пратенички претежно се застапени во комисиите поврзани со „меките" области, во кои спаѓаат: образованието, културата и социјалната политика. Како резултат на тоа, жените се особено отсутни од комисиите кои се занимаваат со

29 УН Жени, „Жените и мажите во Северна Македонија: статистички приказ на трендовите за родовата еднаквост", 2022. Пристапено на 22 декември 2023 година. Достапно на: [EN_WandM–NMK–Report_WEB_0.pdf (unwomen.org)](https://unwomen.org).

30 Александра Јовевска Ѓорѓевиќ и Сара Јанеска, „Суштинско или стерилно: застапеноста на жените во собраниските состави на Република Северна Македонија (2020 – 1990)", ИДСЦС (блог), 2020. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://idscs.org.mk/en/portfolio/substantive-or-sterile-parliamentary-representation-of-women-in-the-republic-of-north-macedonia2020-1990-/.

31 Неда Петковска, „Локалните избори 2021. Преглед на кандидатските листи за градоначалници и избрани претставници од родов аспект", Реактор – Истражување во акција, (блог), 2021. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://reactor.org.mk/en/publication-all/local-elections-2021-review-of-candidate-lists-for-mayors-and-selected-representatives-from-gender-aspect/.

32 Меѓународна база на податоци на националните парламенти, Парлине: платформа на отворени податоци на ИПУ, 2023. Пристапено на 9 декември 2023. Достапно на: https://data.ipu.org/node/171/basic-information?chamber_id=13391.

теми кои стереотипно се сметаат за „машки“.[33] Управувачката структура на комисиите игра значајна улога, бидејќи дава поголема моќ за дефинирање на агендата и, следствено, поголема слобода за вклучување на прашања поврзани со родот. Според Парламентарниот институт, само шест комисии од 21 имаат женски претседавачи, а шест имаат пратенички кои служат како заменички-претседателки.[34] Жените начелно немаат водечки позиции во собраниската администрација, иако тие сочинуваат најголем број од вработените.[35]

Покрај во комисиите, од суштинско значење е и присуството на пратеничките во другите структури на Собранието како носителки на одлуки. Затоа, од особена важност е зголемената застапеност на жените во улога на координаторки на пратеничките групи и нивното учество на координативните состаноци на коишто се формулира агендата на Собранието. Во тековниот собраниски состав (2020–2024), кој до декември 2023 година броеше пет пратенички групи, само една пратеничка група имаше жена за координаторка. Пратеничката група на Алијансата за Албанците (АА) ја назначи Илире Даути за своја координаторка во декември 2021 година.Меѓутоа, за помалку од една година, во септември 2022 година, пратеничката Даути си поднесе оставка, а ја наследи пратеник маж од редовите на нејзината партија. Жените почесто се гледаат како заменички-координаторки, со тоа што Коалицијата „Можеме“ и Демократската унија за интеграција (ДУИ) имаат по еден заменик-координатор, додека пак Внатрешната македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО–ДПМНЕ) и Коалицијата „Обнова на Македонија“ имаат по двајца заменици-координатори.

И покрај квотите и „сендвич-системот“, жените од сите заедници остануваат помалку застапени од мажите. Од шесте немнозински заедници изречно наведени во преамбулата на Уставот на Република Северна Македонија, само три имаат пратенички во Собранието: девет пратенички од албанската заедница, една пратеничка од бошњачката заедница и една пратеничка од ромската заедница. Освен тоа, Собранието има и една пратеничка која ја претставува еврејската заедница, како и една пратеничка од македонско-муслиманската заедница. Овие бројки покажуваат дека жените од немнозинските заедници држат околу 10% од местата во Собранието. Ниту една собраниска комисија нема за раководител жена од немнозинските заедници. За споредба, Собранието има 38 пратенички припаднички на мнозинската заедница, од кои шест претседаваат со комисии. Воведувањето на задолжителните квоти во

33 Јовевска Ѓорѓевиќ, Александра. Јанеска, Сара. Институт за демократија „Социетас цивилис“ – Скопје (ИДСЦС). „Суштинско или стерилно: застапеноста на жените во собраниските состави на Република Северна Македонија (1990 – 2020), 2020. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2020/08/Kratok_dokument_za_javna_politika_Br.31_2020_SustinskoiliSterilno.pdf.

34 Јовановска, Ева. Коровешовска, Фани. Парламентарен институт. Собрание на Република Северна Македонија. „Бројност и натпартиска соработка на пратеничките како фактор за зајакнување на нивното влијание“, 2023. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://cutt.ly/QwtUTen9.

35 Вљора Речица, „Ратлиџов прирачник за парламентарна администрација: парламентарната администрација на Северна Македонија“, 2023. Ратлиџови прирачници.

2002 година го олесни изборот на првата Албанка пратеничка, со што почна да се одговара на потребата од поголема застапеност на помалку застапениот род на кандидатските листи на политичките партии. Во моментов нема (официјално изјаснети) жени или мажи со попреченост на пратенички места, што ги остава жените од оваа заедница незастапени и во понеповолна положба од другите општествени групи.

**Табела 2.** Пратеничките низ бројки (1990–2023)

| Датум | Број на жени |
|---|---|
| 2023–03 | 51 |
| 2021–11 | 50 |
| 2021–07 | 48 |
| 2020–10 | 47 |
| 2020–08 | 46 |
| 2020–07 | 43 |
| 2019–12 | 48 |
| 2019–08 | 47 |
| 2018–08 | 46 |
| 2017–10 | 45 |
| 2017–05 | 41 |
| 2016–12 | 38 |
| 2014–07 | 41 |
| 2014–04 | 40 |
| 2014–01 | 42 |
| 2013–01 | 34 |
| 2012–01 | 42 |
| 2011–06 | 38 |
| 2009–12 | 39 |
| 2009–01 | 38 |
| 2008–06 | 36 |
| 2007–01 | 35 |
| 2006–07 | 34 |
| 2002–09 | 21 |
| 1998–01 | 9 |
| 1994–01 | 4 |
| 1990–01 | 5 |

Во однос на застапеноста на жените во Собранието, Клубот на пратенички, неформално консултативно тело, одигра значајна улога во унапредувањето на правата на жените, како во однос на законодавството така и во меѓупартиската кохезија.

Ова тело беше основано во 2003 година во рамките на регионалниот проект на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа, со поддршка од локалните партнери: Македонското женско лоби, Националниот совет за родова рамноправност на Македонија, и Одделението за унапредување на половата рамноправност при Министерството за труд и социјална политика.[36] Вклученоста на жените од немнозинските заедници во ова тело се колебаше низ годините, во зависност од бројот на пратеничките во Собранието.

**Табела 3.** Пратенички од немнозинските заедници во Клубот на пратенички

| Период | Жени од немнозинските заедници | Жени од мнозинската заедница |
|---|---|---|
| 2020–2023 | 13[37] | 38 |
| 2016–2020 | 5 | 41 |
| 2014–2016 | 8 | 34 |
| 2011–2014 | 8 | 34 |
| 2008–2011 | 6 | 36 |
| 2006–2008 | 7 | 29 |

Ако ги погледнеме изборите од 2020 година, највисоко ниво на застапеност на жените во политичките партии, како на национално ниво така и во одделни изборни единици, беше забележано на кандидатските листи поднесени од страна на ДУИ, со вкупна застапеност од 48% и 60% во ИЕ4. Во ИЕ1, ИЕ2 и ИЕ5 имаше еднаква застапеност на родовите, со по 50%, додека пак во ИЕ3 (40%) и ИЕ6 (45%) застапеноста падна под 50%.[38] Изборните резултати покажуваат дека мнозинството од пратенички места беа обезбедени во ИЕ6, каде што застапеноста на жените на кандидатските листи беше помалку од 50%, додека пак во ИЕ4, која има најголема застапеност на жени, ДУИ не освои ниту едно пратеничко место.[39] Ова не мора да значи дека поголем број жени кандидатки значи и помалку гласови за партијата. Во овие изборни единици и во претходните изборни циклуси ДУИ не обезбеди пратенички мандати. Ова попрво ни кажува дека жените често се кандидираат на неуспешните листи чисто за да се исполнат законските обврски без да се промени

36 Клубот на пратенички, веб страница на Собранието. Пристапено на 2 декември 2023 година. Достапно на: https://www.sobranie.mk/detali-na-klub.nspx?groupId=c547f-202efee4-bd-8a01b46-e04c3849e0.

37 11 пратенички претставнички на три од шесте заедници изречно наведени во Преамбулата на Уставот (9 Албанки, 1 Бошњачка и 1 Ромка) и 2 пратенички претставнички на две помали заедници (1 Еврејка и 1 Македонка Муслиманка).

38 „Поддршка за изборни реформи. Парламентарни избори 2020 – Анализа на кандидатските листи низ призмата на општествената и политичката вклученост“, 2020. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://electoralreforms.mk/wp-content/uploads/2020/06/Candidate-List-Analysis-MK.pdf.

39 Исто.

вистинската ситуација. Вреди да се напомене дека само 24% од поднесените листи имаа жени носителки на листата.[40] Сè на сè, партиите се придржуваат до законски наложените квоти, но останува простор за подобрување во однос на позиционирањето на жените во рамките на кандидатските листи.

Анализата што Институтот за демократија ја спроведе на неколку политички партии во Северна Македонија ни откри различни степени на посветеност кон родовата еднаквост и учеството на жените во политиката во рамките на статутите на тие партии. ВМРО–ДПМНЕ има вметнато општа одредба во членот 16 која ја нагласува родовата еднаквост, а во Поглавјето 8 од својата доктрина родовата еднаквост се разгледува во семеен контекст. СДСМ ја артикулира својата посветеност кон еднаквоста помеѓу мажите и жените во членот 2 од својот статут, а и се одликува со Форумот на жени како специфичен субјект, но нема механизми за зголемување на учеството на жените. Алијансата за Албанците забранува дискриминација врз основа на родот во членот 24 од својот статут, а како дел од структурите на партијата го установи и Собранието на жени, при што претседателката на ова собрание е вклучена во различни раководни тела на партијата. Алтернатива се обврзува на најмалку 30% учество на жените во партиските тела, со што покажува конкретна статутарна посветеност. ДУИ го основа Форумот на жени во членот 80, кој своите одлуки му ги предлага на Генералниот совет, и води сметка претседателката на Форумот на жени да биде вклучена како на централно така и на локално ниво. Левица изразува цели поврзани со родовата еднаквост во членот 5 од својот статут, и во моментов ги надминува законските квоти за застапеност на жените на парламентарните избори во 2020 година[41]; понатаму, статутот на партијата во членот 53 предвидува воспоставување на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) како постојано работно тело кое го пропагира левичарскиот феминизам.

ЛДП ја утврдува заштитата и унапредувањето на индивидуалните слободи и права како своја главна цел и вклучува родово чувствителен приод во членот 88а, вклучувајќи го и Форумот на жени со застапеност во раководните тела. ДОМ го гарантира правото на еднаквост на сите граѓани, без разлика на родот, во членот 1, и се обврзува на најмалку 40% родова застапеност во партиските тела. Движењето БЕСА во својот статут се фокусира на унапредување на положбата на жените како универзално право, а и го установи Форумот на жени во рамките на партиските структури на различни нивоа.[42]

Постои потреба партиите редовно да ги ажурираат своите веб-страници заради транспарентност и подобар увид во нивните родово инклузивни дејности.

40 Исто.

41 Никола Донев, „Родово чувствително Собрание и родовата еднаквост на политичката сцена: преглед на сегашната состојба во Северна Македонија", 2023, ИДСЦС. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2023/07/1_WEB_A4_ENG-4.pdf.

42 Исто.

Понатаму, прегледот на застапеноста на жените во раководните структури на овие партии покажа дека постои простор за подобрување, при што беа забележани различни нивоа на родова разновидност. Во СДСМ, позицијата на заменик претседател ја држи жена. Од четирите потпретседатели, тројца се мажи, а една е жена; во Централниот одбор, од 123 члена, жените претставуваат до 49%; а пак осум жени се дел од 17-члениот Извршен одбор. Во ВМРО–ДПМНЕ, Извршниот комитет се состои од 27 члена, од кои 9 жени и 18 мажи. Централниот комитет вклучува членки од Унијата на жени, но конкретните детали не се достапни. Во Левица, жените се застапени со 24% во Централниот комитет од 46-те членови со право на глас. Президиумот од седум члена брои само една жена. Во Алтернатива, меѓу седумте потпретседатели има само една жена, додека пак во рамките на претседателството од 40 члена 30% се жени. За ДУИ се достапни ограничени информации, при што на веб-страницата се достапни само деталите за кабинетот на претседателот. Медиумските извештаи укажуваат на изборот на жена потпретседателка, Арбана Пашоли, во октомври 2022 година. За Алијансата за Албанците, нецелосните информации на веб-страницата ја отежнуваат сеопфатната анализа. Онлајн изворите укажуваат на изборот на Бујаре Абази за потпретседателка во јануари 2023 година. Анализите понатаму го нагласуваат немањето разновидност во раководството и структурите на политичките партии. Од 23-те партии кои во моментов се во Собранието, само две се предводени од жени – ЛДП и ДОМ.[43]

И додека застапеноста на жените во Собранието е на највисоко ниво до сега, таму каде што не постојат квоти, застапеноста на жените е помала или воопшто ги нема. Постои недостаток од соодветна застапеност на жените во извршните министерски улоги. Во првата влада од 1991 година, ниту една жена не беше избрана на министерска позиција. Вклучувањето на жените на министерски функции се зголеми при формирањето на втората влада во 2004 година, кога две жени беа назначени за министри, што претставуваше 15,4% од министерските позиции. Во последниот состав на Владата, бројот на жени изнесува пет од 20 владини места, и тоа четири министерки и еден заменичка премиерка.[44]

Ова е особено случај кај извршните позиции, каде што учеството на жените е начелно ниско, додека пак учеството на жените од немнозинските заедници е речиси непостоечко. Во составот на владите во периодот од 1991 до 2021 година, 24 жени (15%) наспроти 139 мажи (85%) ја претставуваа извршната власт. Кога станува збор за етничкиот состав на жените на министерските позиции, 20 се Македонки, две се Албанки и една жена е претставничка на еврејската заедница. Во владините

43 Исто.

44 „Жените и мажите во Северна Македонија: статистички приказ на трендовите за родовата еднаквост", УН Жени, Скопје, 2022. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/10-2022/EN_WandM-NMK-Report_WEB_0.pdf.

состави немаше Ромки или жени претставнички на помалите заедници.[45] По парламентарните избори во јули 2020 година, Социјалдемократите формираа коалиција со ДУИ, со што се здобија со мнозинство во Собранието и со мандат да формираат влада. Меѓутоа, и покрај тоа што родовата еднаквост е високо на дневниот ред на СДСМ и е дел од неговите стратешки цели,[46] составот на владата не ја одрази ваквата посветеност. Жените имаа само четири министерски места во оваа влада, и една заменичка премиерка, при што ниту една не доаѓаше од немнозинските заедници. Три од овие позиции се однесуваа на министерства кои обично се сметаат за „меки", како што се Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за култура. Од 16-те министерства, само две жени ја имаа позицијата на заменичка министерка, при што само една беше од албанската заедница.[47]

**Графикон А.** Родовиот состав на владите во периодот 1991–2021




45 „Дали новиот состав на Владата на Р. С. Македонија го следи принципот на правична застапеност на жените и мажите на раководни позиции и ја одразува родовата разновидност на општеството кое го претставува?", Реактор, 2020. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://shorturl.at/doCPZ .

46 Петковска, „Локалните избори 2021. Преглед на кандидатските листи за градоначалници и избрани претставници од родов аспект".

47 Влада на Република Северна Македонија, веб страница. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://vlada.mk/vlada-ministerstva.

Испитувањето на родовиот состав на институционалните раководни функции, особено оние назначени од владата, ни откри дека само 29% од овие владејачки структури се состојат од жени. Имено, очигледна е значителна разлика на директорските места во институциите, каде што само 5% од назначените лица се жени. Жените од немнозинските заедници се особено недоволно застапени на овие раководно места.[48]

Жените активно учествуваат во политичките партии за време на изборните кампањи, но сепак, често се соочуваат со исклученост при именувања и поделби на моќта. Вистинското влијание е сконцентрирано во рацете на партиските лидери и нивните претежно машки внатрешни кругови. Изборот на градоначалниците е суштински поврзан со политичките партии, а нивните стратегии за именување значително влијаат врз ограничениот успех во постигнувањето поголема застапеност на жените. Во општините каде што во минатото се покажало дека шансите за победа се ниски или политички потешки, партиите обично именуваат жени. Па така, посветеноста на Владата за 50/50 родова застапеност останува само декларативна.[49]

Недоволната заштита на жените во политиката е уште еден значаен фактор кој придонесува за ниското учество на жените. Политичките партии не располагаат со основни гаранции за своите членки, активистки и претставнички, бидејќи нивните статути или кодекси на однесување не зборуваат за родово заснованото насилство. Во Северна Македонија, 65% од жените политичарки се соочиле со насилство при извршување на своите партиски должности.[50]

Застапеноста на жените на локалните извршни функции беше постојано ниска во изминатите неколку децении. На седумте локални избори одржани откако земјата се стекна со независност, само 18 жени беа избрани за градоначалнички, во споредба со 642 мажи градоначалници во периодот од 25 години. Во одредени години, како што се 1996 и 2009 година, ниту една жена не обезбеди градоначалничко место. Највисок процент на избрани жени градоначалнички од 7,4% (6 жени) беше забележан во 2017 година. И покрај нивното ограничено присуство како градоначалнички, жените активно учествуваат и ги изразуваат своите мислења за време на изборните кампањи. Најзначаен број на жени кандидатки за градоначалнички беше забележан во 2013 година, а во 2017 година 37,5% од кандидатите за градоначалници беа жени. Во 2021 година, само две жени беа избрани за градоначалнички, од кои едната е градоначалничка на Градот Скопје.[51]

48 Миша Поповиќ и Марко Панковски, „Кој 'тоа' таму управува?", ИДСЦС (блог), 2019. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://idscs.org.mk/en/portfolio/whos-governing-there/.

49 „Евалуација на состојбите со човековите права и владеењето на правото за време на претседавањето со ОБСЕ", Хелсиншки комитет за човекови права, април 2023 година.

50 „Не за насилство". Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://nezanasilstvo.mk/.

51 „Жените и мажите во Северна Македонија: статистички приказ на трендовите за родовата еднаквост", УН Жени, Скопје, 2022. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://eca.unwomen.org/sites/default/files/10-2022/EN_WandM-NMK-Report_WEB_0.pdf.

Една од причините за ограничениот пристап на жените до функциите на кои се донесуваат одлуки е недоволната поддршка што ја добиваат како кандидатки за лидерските улоги. Недостатокот на жени на функциите на кои се донесуваат одлуки и на локално и на централно ниво е тесно поврзан со несоодветната внатрешна поддршка во рамките на политичките партии, широко распространетиот говор на омраза насочен кон жените во политиката и преовладувачките родови улоги, стереотипи и предрасуди во општеството.[52]

Изборите во 2021 година го истакнаа недостигот од родова еднаквост во државата, што и не беше за изненадување. И покрај тоа што политичките партии се клучни за политичката организација и учество, тие немаат објавени податоци за членството и вклученоста на жените. Мрачната стварност за политичката вклученост на жените беше истакната од малиот број жени кандидатки на локалните избори во 2021 година. Од 299 кандидати за градоначалници, само 25 беа жени, што претставуваше само 8%. Иако жените сочинуваа 45% од сите кандидати за советници, тие предводеа само 19% од кандидатските листи.[53] Имено, политичките партии на немнозинските заедници со жени на кандидатските листи за градоначалници беа ограничени на по само една Албанка од ДУИ и Демократската партија на Албанците (ДПА).

Резултатите беа особено обесхрабрувачки, бидејќи од 80-те општини плус градот Скопје, само две имаат жени градоначалнички. Градот Скопје ја доби својата прва жена градоначалничка по независноста на државата; а другата е градоначалничка на Старо Нагоричане, рурална општина на истокот; што одговара на само 2,5% од вкупниот број градоначалнички места. И двете жени градоначалнички се од мнозинската заедница. На локалните избори во 2017 година жените добија шест општини, од кои две од етничката албанска заедница, кои управуваа со Тетово и Арачиново.

И покрај недостатокот на сеопфатни податоци за родот и етничкиот состав на општинските совети, достапните информации од локалните избори во 2017 година ни откриваат дека, од 1.388 избрани советници, само 415 беа жени, што паѓа под законски предвидениот праг од 30% за таквите тела. Ова ја нагласува континуираната зависност од квоти за политичка застапеност на жените.

Макар што правната рамка за поддршка на еднаквите можности за политичкото учество се смета за задоволителна, нејзиното практично спроведување честопати е без успех. Вклученоста на жените во политиката, особено на оние од етничко македонско и, во одредена мера, од етничко албанско потекло, е значително ограничена. Во Собранието, застапеноста на жените од помалите заедници е значително ниска, со само една Ромка и една Бошњачка. Згора на тоа, постои значајно отсуство

52 Исто.

53 Петковска, „Локалните избори 2021. Преглед на кандидатските листи за градоначалници и избрани претставници од родов аспект“.

на Турчинки, Влаинки и Србинки, бидејќи собраниската застапеност на помалите заедници е исклучиво претставена од мажи кои формираат коалиции со поголемите политички партии. Ваквата недоволно застапеност на жените се протега и на извршно и на локално ниво, каде што жените начелно се несоодветно застапени, а оние од помалите заедници практично и да не постојат.

- **Индекс на родова нееднаквост**

Индексот на родова нееднаквост на УНДП (ИРН) ја мери родовата нееднаквост преку три важни аспекти на човековиот развој: а) репродуктивно здравје, што се мери преку стапката на смртност на мајките и наталитетот кај адолесцентите; б) оснажување, што се мери со процентот на пратеничките места на кои се наоѓаат жени и процентот на возрасни жени и мажи на над 25-годишна возраст со барем некое средно образование; и в) економски статус, изразен како учество на пазарот на трудот, што се мери со стапката на учество во работната сила на женското и машкото население на возраст од над 15 години.[54]

Колку е поголема вредноста на ИРН, толку се понесразмерни разликите помеѓу жените и мажите и поголеми загубите за човековиот развој. ИРН ја следи положбата на жените во 162 земји и го нагласува увидот во родовиот јаз во главните области на човековиот развој. Имено, десетте земји рангирани највисоко во однос на родовата еднаквост се од европскиот континент.

Земјите од Западен Балкан што се индексирани со ИРН се рангираат од 32-то место за Црна Гора (ИРН 0,109) до 39-то место за Албанија (ИРН 0,181). Србија е 36-та (ИРН 1,132), **Северна Македонија** е 37-ма (ИРН 0,143), а Босна и Херцеговина е 38-ма (ИРН 0,149). Ваквата блискост укажува на тоа дека третманот на жените и родовите прашања во земјите на Западен Балкан е на приближно исто ниво.

- **Индекс на глобалниот родов јаз**

Индексот на глобалниот родов јаз (ИГРЈ) ја следи еволуцијата на родовите разлики во однос на четири клучни димензии: (i) економско учество и можности, (ii) образовни достигнувања, (iii) здравје и опстанок, и (iv) политичко оснажување. Индексот дополнително го следи напредокот кон затворање на овие јазови со текот на времето. Извештајот за ГРЈ за 2023 година[55] врши индексирање на 146 земји. ИГРЈ ги

54 УНДП, „Индекс на родова нееднаквост (ИРН). Извештаи за човечкиот развој", 2020. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: http://hdr.undp.org/en/content/gender-inequality-index-ИРН?utm_source=EN&utm_medium=GSR&utm_content=US_UNDP_PaidSearch_Brand_English&utm_campaign=CENTRAL&c_src=CENTRAL&c_src2=GSR&gclid=CjwKCAiAnO2MBhApEiwA8q0HYRcdfW6RB0uwjzpFpnl7KeHqc1AzUBUpCWc-sB4wysD2oD8_g4R65BoCNjgQAvD_BwE.12,8]]},"issued":{"date-parts":[["2020"]]}}}],"schema":"https://github.com/citation-style-language/schema/raw/master/csl-citation.json"}

55 „Извештај за глобалниот родов јаз за 2021 година", Светски економски форум, 2021. Пристапено на 11 декември 2023 година. Достапно на: https://www.weforum.org/publications/global-gender-gap-report-2021/.

мери резултатите на скала од 0 до 100, при што резултатите може да се толкуваат како оддалеченост до паритет, односно, процентот на родовиот јаз кој е затворен. Општите наоди од извештајот за 2021 година заклучуваат дека „просечната оддалеченост до паритет изнесува 68%, што е чекор назад во споредба со 2020 година (-0,6 процентни поени)“. Ако напредокот продолжи по сегашната траекторија, ќе бидат потребни 135,6 години за да се затвори родовиот јаз во светот. Ако ги анализираме конкретните области, родовиот јаз во политичкото оснажување е најголем меѓу четирите набљудувани димензии, со само 22% родов јаз затворен до денес. Јазот во областа на економското учество и можности останува втор по големина, со 58% затворен јаз. Родовиот јаз во образовните достигнувања и во здравјето и опстанокот е речиси затворен, со 95%, односно 96% затворен јаз соодветно.

Меѓу земјите од Западен Балкан, Србија е рангирана највисоко, на19-то место, со 78% затворен родов јаз, по што следат Албанија, рангирана на 25-то место со 77% затворен родов јаз, и Црна Гора, рангирана на 48-мо место со 73,2% затворен родов јаз. **Северна Македонија, со 71,5% затворен родов јаз, и Босна и Херцеговина, со 71,3%, се наоѓаат на 73-то и 76-то место на листата, соодветно.**

# V. Примарно истражување

Целта на примарното истражување на податоците е да се направи понатамошна анализа на податоците добиени од прва рака и истите да се преточат во сеопфатни информации за мерење на различните аспекти на политичкото и јавното учество на жените на национално ниво. Со анкетата се испитаа нивоата на, и условите за, политичкото и јавното учество на жените од различните етнички заедници, нивната перцепција за ангажираноста на жените во политиката, а беше направена и споредба на добиените информации Покрај тоа, како дополнителен метод за собирање податоци, беа спроведени и полуструктурирани интервјуа со цел да се засегнат поапстрактните аспекти на истражувањето. Преку овие интервјуа се дојде до попродлабочени податоци, додека пак со отворените дискусии се расветлија некои од појавите поврзани со политичкото и јавното учество на жените од немнозинските заедници.

Макар што правната рамка за еднаквите можности за политичко учество е задоволителна, таа не секогаш се преточува директно во нејзино практично спроведување. **Анализираните примарни податоци го потврдија ниското ниво на политичко и јавно учество на жените во целина, со сè уште колебливо ниво на учество меѓу различните етнички заедници. Во овој поглед, жените од помалите заедници се значително помалку присутни во политичкиот живот на државата, а и условите за нивното евентуално идно вклучување се помалку надежни.**

Со помош на следнава низа прашања беа истражени состојбите и перспективите на жените од различните етнички заедници во однос на нивната политичка позиција во општеството и нивните амбиции и подготвеност за вклучување. Податоците од примарното истражување покажуваат дека, иако жените начелно се на маргините на политичкиот живот, ставовите и положбите, исто така, се разликуваат од една до друга заедница.

# 1. Политичко учество – општа состојба во однос на нивото на вклученост, амбиции и мотивација

Жените во институциите на локалната власт и во институциите на централно ниво главно учествуваат преку гласање, како што изјавија 60% од нашите испитанички, додека пак 33% се изјаснија дека не учествувале на ниту еден начин. Општо земено, жените од сите немнозински заедници учествуваат повеќе преку гласање, а помалку преку другите облици на учество. Меѓутоа, овој процент се колеба помеѓу различните заедници. Половина или над половина од жените од македонската (66%), албанската (49%), турската (69%), српската (52%) и бошњачката (77%) заедница изјавија дека го користат своето политичко право на глас, додека пак овој процент е убедливо помал кај Ромките (21%) и Влаинките (22%). Како последица на тоа, процентот на Ромките (79%) и Влаинките (66%) кои тврдат дека не учествуваат во политиката е повисок во споредба со другите заедници, по што следуваат Србинките (45%) и Албанките (39%). Другите облици на политичко учество ретко се или воопшто не се популарни меѓу жените начелно, со исклучок на протестите, кои ги практикувале 22% од Бошњачките и 12% од Србинките (Графикон 1).

Одбивниот став на жените кога станува збор за директно учество во политиката дополнително се потврди со следното прашање од анкетата. На прашањето дали се вклучени во политиката или се барем малку заинтересирани да се вклучат во иднина, над 72% од жените од сите заедници одговорија негативно. Овој процент е највисок кај Влаинките (87%). Значително позитивен одговор на ова прашање е забележан кај бошњачките испитанички (27%), по што следат Македонките (15%), Ромките (13%) и Влаинките (13%, Графикон 2).

Нивото на вклученост во политиката, исто така, се дискутираше со соговорничките и за време на интервјуата. Сите тие едногласно се согласија дека учеството на жените во политиката, особено оние од немнозинските заедници, е значително ниско. Една од пратеничките, членка на немнозинска заедница во државата, со својата изјава покрена умесна дилема: *„Во услови кога 50 проценти од светското население се жени, како е можно жените да не се најдат на раководните места, или дури и да не се дискутира дали е воопшто потребно да се вклучат во политиката“.*

**Општо земено, политичкото учество на жените од различна етничка припадност е еквивалентно на гласањето на избори.**

Графикон 1. Дали некогаш на некој начин сте учествувале во институциите на Вашата локална власт или во институциите на централно ниво? (%)




**Жените од сите заедници немаат директна вклученост и лични амбиции за вклучување во политиката.**

Графикон 2. Дали сте вклучени во политиката или сте заинтересирани да се вклучите во иднина? (%)



Понатамошното испитување покажа дека жените кои изјавија дека не се вклучени и не се заинтересирани да се вклучат во политиката, без оглед на нивната етничка припадност, не се повикуваат ниту на нивниот род ниту пак на етничката припадност / религијата како главна причина за нивната одлука. Кај сите заедници преовладува одговорот дека главната причина е што едноставно немаат интерес за политиката. Процентот на жени кои ја наведуваат оваа причина се движи од 27% кај Бошњачките до 66% кај Турчинките (Графикон 3).

Освен тоа, прашања поврзани со самодовербата во нивното образование/квалификации, нивната возраст, и перцепцијата дека „политиката е валкана работа", исто така, беа наведени како главни причини кај сите етникуми, со одредени разлики во процентите помеѓу заедниците. На пример, 22% од Турчинките и 13% од Ромките се сметаат себеси за недоволно квалификувани да водат политика, додека пак овој процент е помал кај Албанките (8%), Македонките (5%) и Србинките (3%). Бошњачките и Влаинките не ја делат оваа перцепција за себе (Графикон 3).

Освен во турската заедница, во секоја друга заедница има жени кои веруваат дека не се на оптимална возраст за да се вклучат во политиката, и тие се движат од 5% кај Македонките до 13% кај Србинките. „Политиката е валкана работа" е првиот изговор за 5% и 6% од Турчинките и Бошњачките, соодветно, за 7% од Македонките и Албанките, 9% од Србинките, и 12% од Влаинките. Домашните обврски се наведуваат како значајна препрека само кај Бошњачките (19%). Разочарувањето дека политичката сцена е веќе окупирана од одредени луѓе кои само си ја продолжуваат својата политичка позиција се споменува како главен фактор кај 19% од Бошњачките, 7% од Влаинките, 6% од Македонките, Ромките и Србинките, и 3% од Албанките (Графикон 3).

Одговорите се повеќе различни помеѓу различните заедници кога беа прашани да ја наведат втората причина за нивната одлука да не се мешаат во политиката. Општо земено, перцепцијата дека „политиката е валкана работа", недостатокот на образование / квалификации, и старосните препреки често се наведуваа во речиси секоја заедница. Имено, гледиштето дека „политиката е валкана работа" е најзастапено кај Влаинките (31%), Бошњачките (30%), Македонките (26%) и Турчинките (22%). Освен тоа, 26% од Ромките и 13% т.е. 12% од Србинките и Влаинките, сметаат дека им недостасуваат образование / квалификации за да бидат вклучени во политиката, додека пак овој процент е под 8% кај другите заедници. Возраста, исто така, се смета за пречка кај сите жени, но со процентуални колебања. Старосниот фактор, како втора пречка за вклученост во политиката, е највисок кај Ромките (21%) и Влаинките (26%). Бошњачките (18%), Албанките (12%) и Македонките (11%) ги сметаат семејните и домашните обврски како поголем товар за политичко вклучување, во споредба со жените од друга етничка припадност, каде што процентот е под 10 (Турчинки – 8%, Влаинки – 6%, Графикон 4).

Сите соговорнички интервјуирани на оваа тема изразија разбирање за образложението зад ваквите одговори на жените, и она што тие посебно го нагласија е дека политиката во нашето општество е „валкана работа", особено за жените политичарки.Тие споделија

искуства од прва рака во однос на непријатностите и говорот на омраза што ги доживеале за време на своите професионални кариери како политичарки, само затоа што се жени. Една од пратеничките, припадничка на немнозинска заедница, изјави: „*Настрана од она што го велите, тие (политичките противници) се фокусираат на тоа како се облекувате, шминкате, на тоа дали сте дебели или слаби, дали носите потпетици или не, дали ви се скинати или не хулахопките, сте ставале ли ботокс... не постои решение за овој проблем... Ако во политичкото окружување се наоѓаат политички партии со ботови поврзани со друштвените мрежи, само треба да прифатите дека сето тоа ќе помине за два-три дена*". Пратеничка Албанка понатаму изјави: „Политиката е многу сурова кон жените, бидејќи многу пати ќе ви се суди според тоа како изгледате, а не според тоа што го кажувате. Како жена, потребно е да вложувате во својот изглед и во она што го велите, за да не кажат дека таа е таму само поради изгледот".

Меѓутоа, претставничка на владата која е етничка Албанка истакна колку многу е важно жените да ги надминат причините кои ги користат како изговор за да не се вклучат во политиката, да ги надминат тие препреки, и да го преземат процесот на донесување одлуки во свои раце: „*Жените го создадоа ова чудовиште во своите глави дека не треба да се приклучуваат кон политиката, кое се потхранува од семејството, партнерите, сопрузите, свекрвите и така натаму... мораме да го надминеме овој страв... Политиката стана валкана работа, нешто валкано, но политиката е инструмент кој можеме да го искористиме за ефикасно да си ја подобриме својата положба... мораме да го надминеме овој страв*".

**Жените не го наведуваат својот род и својата верска / етничка припадност како прва причина за нивното отстапување од политиката.**

**Графикон 3.** Доколку не, кои се причините зад Вашата одлука да не се вклучите во политиката? (првата причина)



**Графикон 4.** Доколку не, која е втората причина зад Вашата одлука да не се вклучите во политиката? (%)




Од друга страна, кога се истражуваат амбициите на жените кои изјавија дека се вклучени или се подготвени да се вклучат во политиката, две мотивации преовладуваат меѓу сите испитанички во различните заедници, а тоа се: а) потребата да се влијае и да се подобри состојбата во општеството, и б) потребата да се влијае и да се подобри состојбата во својата заедница. При поблизок поглед врз резултатите во однос на двете алтернативи, гледаме дека огромното мнозинство Албанки (69%), Ромки (67%) и Влаинки (61%) ја наведоа потребата да се подобри состојбата во рамките на нивната заедница, по што следи потребата да се влијае и да се подобри состојбата во општеството во целина (Албанки – 59%, Ромки – 52%, Влаинки – 39%). Состојбата е обратна кај другите заедници, каде мнозинството ја уважува потребата да се влијае и да се подобри општеството во целина како примарна мотивација за вклучување во политиката (Турчинки – 79%, Србинки – 76%, Бошњачки – 70% и Македонки – 66%), по што следи потребата да се интервенира во рамките на сопствената заедница (Македонки – 50%, Србинки – 50%, Бошњачки – 26% и Турчинки – 21%, Графикон 5).

Значителен број жени од речиси сите заедници, исто така, се мотивирани да се вклучат во политиката заради подобрување на човековите права, вклучувајќи ги и правата на жените во државата. Над половина од Влаинките (61%) и Ромките (52%) ја поддржуваат оваа причина, како и 42% од Македонките, 32% од Албанките, 24% од Србинките и 21% од Турчинките. Од друга страна, само 4% од Бошњачките се водени од мотивацијата за подобрување на човековите права, вклучувајќи ги и правата на жените во државата. Потребата да се подобри состојбата на немнозинските заедници е поттик за 52% од Ромките, 26% од Македонките, 23% од

Влаинките, 17% од Албанките и 13% од Бошњачките. Да се биде активен на политичката сцена во државата е лична амбиција кај само 23% од Влаинките и 6% и 5% од испитаничките Македонки и Албанки, соодветно (Графикон 5).

Процентот на жените кои одговорија дека би влегле во политиката заради некој вид на лична добивка е исто така значителен кај речиси сите заедници. Имено, 50% од Србинките, 48% од Ромките и 31% од Македонките би се вклучиле во политиката заради лично вработување или вработување на близок член на семејството. Покрај тоа, 32% од Ромките, 23% од Влаинките, 21% од Македонките и 12% од Албанките би влегле во политиката заради некоја друга лична добивка (Графикон 5).

Нашите соговорнички разговараа и за своите причини за вклучување во политиката, и нивните одговори во одредена мера се преклопуваат со одговорите на испитаничките: потребата да се помогне за напредокот на општеството; да се подобри положбата на жените во државата; и да се подобри состојбата на нивните заедници, преовладуваат меѓу дадените одговори. Директорка на државна установа, која е припадничка на помала заедница, изјави: *„Почувствував потреба да се направат промени и мислев дека, преку активно учество во политиката, промените би можеле да бидат од суштинско значење, видливи и трајни, особено за помалите заедници како мојата, кои живеат во нашата земја“.* Слично на ова, и една пратеничка, припадничка на помала заедница, рече: *„Сега [како политичарка] можам да дискутирам и коментирам во врска со оние жени кои се многу малку видливи, кои живеат во рурални средини, во изолирани средини, пред сè, мислам на гетоизираните средини, со акцент врз Ромките, кои се сè помалку и помалку видливи, и ние мора да работиме на конкретни програми“.*

Интервјуираните политичарки, исто така, се осврнаа и на причината и мотивациите на жените да се вклучат во политиката воопшто, а нивните одговори се преклопуваат со наодите од анкетата. Една пратеничка од албанската заедница истакна: *„Жените не влегуваат во политиката заради личен интерес, бидејќи жените многу се борат, размислуваат и подготвуваат пред да се вклучат во политиката, па кога ќе влезат во политиката, тие влегуваат со голем багаж на искуство“.* Една пратеничка од помала заедница понатаму изјави: *„Ми се чини дека жените се сè повеќе и повеќе свесни за фактот дека 'јас сум таа која одлучува за себе и сакам да бидам дел од политичките процеси, така што јас ќе одлучам за себе и во името на сите жени во Северна Македонија'“.*

Освен тоа, една политичарка Албанка во својата изјава истакна дека потребата жените да бидат директно вклучени во процесите на донесување одлуки била примарната мотивација за неа: *„Кога работев како новинарка за време на војните во 1990-тите, сфатив дека она што се случува на терен е последица на она што е одлучено од страна на политиката... Мојата мотивација беше да бидам таму каде што се донесуваат одлуки, тоа е она што ме натера да бидам дел од политиката“.*

**Потребата да се влијае и да се подобри состојбата во рамките на својата заедница е главниот поттик кај огромното мнозинство Албанки, Ромки и Влаинки, додека пак најголемиот дел од жените од другите заедници се поттикнати од потребата да влијаат и да ја подобрат состојбата во општеството во целина.**

**Графикон 5.** Доколку се вклучам во политиката, тоа ќе го направам поради: (%)




Огромното мнозинство жени од сите заедници изјавија дека гласале на претходните избори. Поточно, резултатите од етничките заедници покажуваат дека 95% од жените од турската заедница гласале на последните избори, како и 91% од Влаинките, 88% од Македонките, 85% од Србинките, 75% од Бошњачките, 73% од Албанките и 63% од Ромките. Забележливо за секоја заедница е што конкретниот процент на жени кои гласале е повисок од евидентираниот општ одзив на национално ниво на последните избори (локалните избори во 2021 година – излезност во првиот круг 51,44%, во вториот круг 49,56%).[56] Меѓутоа, оваа политичка ангажираност е значително помала кај Ромките, во споредба со жените од другите заедници (Графикон 6).

Личните политички убедувања и доследните политички вредности се единствениот основ според кој гласаат мнозинството жени во секоја заедница. Овој процент е највисок кај Србинките (86%), Бошњачките (77%) и Македонките (77%), а помал кај Албанките (47%) и Ромките (54%). Меѓутоа, кај некои етнички заедници, значителен процент од жените кога гласаат се потпираат на политичкото убедување на машките членови на семејството. Па така, речиси една третина од Турчинките (31%) и

56 Панковски и др., „(2021) *Прирачник за локалните избори во Република Северна Македонија 2021*", Фондација 'Конрад Аденауер' во Република Северна Македонија, Институт за демократија „Социетас цивилис" – Скопје. Достапно на: https://izbornaarhiva.mk/wp-content/uploads/2021/12/belegexemplar_2021_the_republic_of_north_macedonias_2021_local_elections_handbook_mkd_version.pdf.

Албанките (30%) и една четвртина од Ромките (23%) и Бошњачките (23%) изјавија дека гласаат на начин на кој гласаат машките членови на семејството. Кај другите заедници, овој процент е значително помал (Влаинки 8%, Македонки 4%, Србинки 0%, Графикон 7).

Гласањето на начин кој ќе донесе лична корист (вработување, бизнис итн.) се забележа кај речиси сите заедници. Па така, 16% од Ромките, 14% од Србинките, 11% од Албанките, 10% од Македонките и 9% од Влаинките се изјаснија дека гласаат на начин кој ќе им обезбеди лична корист. Личната корист, како поттик да се гласа на одреден начин, не беше изјавена само од Бошњачките. 20% од Влаинките не се сигурни зошто гласаат на изборите, мислење кое го делат и 9% Албанки, 8% Македонки и 7% Ромки (Графикон 7).

Во согласност со овие наоди, интервјуираната директорка на државна установа, припадничка на помала заедница, го определи како ниско нивото на слобода што ја имаат жените во изразувањето на своите политички убедувања преку правото на глас: *„Верувам дека жените имаат само делумна слобода независно да ги изразат своите политички ставови и да гласаат според своите убедувања. Исто така, мислам дека по ова прашање постојат и разлики помеѓу различните заедници".*

**Искористувањето на правото на глас е очигледно најниско кај Ромките.**

Графикон 6. Дали гласавте на последните избори? (%)



**Иако мнозинството жени гласаат според своите политички убедувања, во некои заедници, значителен процент од жените ја следат одлуката на машките членови на семејството.**

Графикон 7. Кога гласам на избори: (%)




Кога станува збор за вклученоста во политичките партии, околу 10% од жените од речиси сите заедници членуваат во некоја политичка партија. Бошњачката и македонската заедница се исклучоци, бидејќи 25% и 17% од жените од овие заедници се изјаснија дека членуваат во политичка партија (Графикон 8).

Понатамошното испитување на нивната вклученост во политичките партии покажа дека само 12% од Албанките и 5% од Македонките кои членуваат во некоја политичка партија добиле некој конкретен ангажман во рамките на партијата, а пак надвор од партијата и не играат некоја посебна улога (Графикон 9).

Кога разговаравме за начинот и околностите под кои соговорничките влегле во политиката, кај пет од шест случаи меѓу интервјуираните политичарки се назира одреден образец. Имено, пет од нив биле препознаени од страна на лидерот на партијата како лица кои можат да придонесат за одредена кауза, без претходен активен или значаен ангажман во рамките на политичката партија. Една од пратеничките посведочи: „*Не ни знаев дека ќе се најдам на листата за парламентарните избори, дознав од вестите на Сител... Во тоа време не знаев што е кампања, и од таа причина суптилно се оддалечив од таа група. Сакав да си пробијам сопствен пат по кој ќе се движам и да видам дали политиката е за мене или не*". Друга пратеничка, вовлечена во политиката на сличен начин, изјави: „*Никогаш немав намера да започнам политичка кариера, сѐ се случи наеднаш, кога лидерот на партијата ме контактираше лично и ме замоли да се приклучам на извршниот одбор на партијата*".Една пратеничка, етничка Албанка, присеќавајќи се на околностите под кои се

приклучила на политиката, на шега изјави дека мажите одлучиле дека таа ќе стане политичар: „Шефот на огранокот бил излезен со мојот сопруг и му рекол: 'Зошто не ѝ дозволиш на жена ти да се кандидира?'. Сопругот ги отфрлил тврдењата дека ми забранува да станам политичарка, и дента беше одлучено да се кандидирам. Шефот на огранокот рекол дека смета дека треба да се кандидирам, и дека ќе го проследи моето име до штабот".

Претставничка на владата, која е етничка Албанка, а чиешто вклучување во политиката е слично на претходните случаи, додаде дека дури и кога партиското раководство излегло со таквиот предлог, тврдејќи дека со нејзините вештини таа е соодветен кандидат за позицијата, дискриминаторниот речник кон жените бил сè уште присутен: *„Позицијата ми беше понудена бидејќи мислеле дека сум соодветна за тоа место, но тука имаше и мала дискриминација, бидејќи ми беше кажано дека оваа позиција е за жени, оти бара многу зборување, а не многу работа".*

Меѓутоа, политичарките ја нагласија потребата од вклучување во политиката како начин директно да се влијае врз процесите на донесување одлуки во државата. Дел од соговорничките понатаму истакна дека вклучувањето во политиката треба да се случи на рана возраст. Една пратеничка изјави: „Младите генерации не треба да се плашат од предизвикот да влезат во политиката, бидејќи тие се клучни, и тие мора да бидат оние кои ја одлучуваат својата иднина".

**Бошњачката и македонската заедница водат според процентот на жените кои членуваат во некоја политичка партија.**

Графикон 8. Дали сте членка на политичка партија? (%)



**Вклученоста на жените во политичките партии начелно се сведува само на членување.**

Графикон 9. Која е Вашата улога во политичката партија? (%)




Жените беа прашани за директната политичка ангажираност во нивното непосредно општествено окружување. Во таа смисла, околу една четвртина или повеќе од жените од сите заедници изјавија дека имаат роднина и/или пријател кој членува во некоја политичка партија. Бошњачките водат во овој поглед, при што 44% изјавија дека имаат такви роднини / пријатели, по што следат 38% од Ромките, 33% од Македонките, 29% од Албанките, 27% од Турчинките, 26% од Влаинките и 21% од Србинките (Графикон 10).

Понатамошното испитување на родот на роднините / пријателите кои членуваат во некоја политичка партија укажува на тоа дека, во случајот на сите заедници, околу две третини или повеќе се мажи. Највисок процент на жени роднини / пријателки кои членуваат во некоја политичка партија е забележан кај Турчинките, каде што 42% од наведените партиски членови се жени, по што следат Македонките со 41%, Ромките со 39% и Бошњачките со 37%. Овој процент кај Албанките изнесува 34%, кај Турчинките 30% и кај Влаинките 30% (Графикон 11).

Околу 10% од жените од речиси сите заедници имаат некои роднини или пријатели кои држат некои високи политички позиции на национално или локално ниво, или имале некоја висока позиција во минатото. Ромките се исклучок во овој поглед, при што ниту една од испитаничките не изјави дека има високо позициониран политичар во своето непосредно општествено окружување (Графикон 12).

Жените кои одговорија позитивно на прашањето понатаму беа прашани за родот на нивниот пријател / роднина кој има или имал висока политичка функција. Анализата покажа дека мажите доминираат со над две третини во одговорите на сите заедници. Највисок процент на високо позиционирани жени роднини / пријателки

има меѓу Македонките – 37%, по што следат Србинките (30%), Албанките (27%), Турчинките (27%) и Бошњачките (17%). Како што беше кажано, сите роднини / пријатели со високи политички функции меѓу Бошњачките се мажи (Графикон 13).

**Околу една четвртина или повеќе од жените од сите заедници изјавија дека имаат роднини и/или пријатели кои членуваат во некоја политичка партија**

Графикон 10. Дали некој од Вашето семејство / Вашите пријатели е член на политичка партија? (%)




**Машките роднини / пријатели кои членуваат во некоја политичка партија доминираат меѓу сите заедници.**

Графикон 11. Доколку жените имаат членови на семејството / пријатели коишто членуваат во политичка партија, од кој род се тие? (%)



**Ромките најверојатно немаат никој во своето непосредно окружување на висока политичка позиција.**

Графикон 12. Дали некој од членовите на Вашето семејство или од Вашите пријатели сега е или во минатото бил на висока положба во Собранието, Владата или локалните власти? (%)




**Машките роднини / пријатели кои имаат или имале висока политичка позиција доминираат меѓу сите заедници.**

Графикон 13. Доколку жените имаат членови на семејството / пријатели кои сега се или во минатото биле на висока положба во Собранието, Владата или локалните власти, од кој род се тие? (%)



Осврнувајќи се на политичката култура во семејствата, во однос на тоа кој одлучува за политичките вредности на членовите на семејството, мнозинството од испитаничките од сите заедници изјавија дека во нивното домаќинство секој одлучува за себе, иако процентот значително се разликува меѓу заедниците. Највисок процент на семејствата во кои секој член одлучува самостојно за своите политички ставови беше забележан кај Македонките (91%), по што следуваат Србинките (86%) и Влаинките (85%). Ова е случај и со над две третини од семејствата на Албанките (67%), Бошњачките (67%) и Турчинките (61%). Само во помалку од половина од семејствата на Ромките (47%) членовите се независни во следењето на своите политички ставови (Графикон 14).

Останатите семејства ја следат политичката одлука на машки член на семејството, најчесто партнерот / сопругот или таткото. Околу една четвртина од семејствата на Турчинките (27%) и Ромките (24%) се согласуваат со политичките ставови на својот партнер / сопруг, што е случај и со 18% од семејствата на Бошњачките, 17% на Албанките, 11% на Влаинките, 7% на Србинките и 4% на Македонките. Таткото го има последниот политички збор во 10% од семејствата на Ромките, 7% на Србинките, 5% на Бошњачките и Албанките и 1% на Македонките (Графикон 14).

Нашите соговорнички ја препознаа ваквата состојба како проблем и се согласуваат дека особено жените кои доаѓаат од помали, затворени средини се поподложни на наметнување на политичките вредности од страна на другите членови на семејството. Една пратеничка, припадничка на помала заедница, понатаму наведе дека се потребни одредени мерки за нештата да се променат во овој поглед, особено осврнувајќи се на зголемената свесност кај жените: *„Жените треба да размислуваат во насока: 'Зошто вие треба да одлучувате за мене, кога јас можам да ја донесам одлуката за себе. Нема да чекам некој друг да ги реши моите проблеми, ќе се вклучам активно во решавањето на мојот проблем и проблемите на другите...' За постигнување на ова ниво на свест потребно е време, но мислам дека има напредок".*

**Македонките, Србинките и Влаинките се најсамостојни во однос на следењето на своите политички вредности, додека пак Ромките се најзависни.**

Графикон 14. Кој ги диктира политичките вредности во семејството? (%)




Од испитаничките беше побарано да ја оценат, на скала од 1 (воопшто не ми е грижа) до 5 (многу ми е важно), личната важност на неколку вредности. Околу половина или повеќе од половина од жените од сите заедници, ја оценија како важна (оценка 4) или многу важна (оценка 5), потребата нивните интереси да бидат земени предвид при донесувањето политички одлуки.Овој процент е највисок кај Бошњачките (87%), а понизок од 50% само кај Ромките (44%). Процентот на Ромки кои изјавија дека воопшто не им е грижа дали нивниот интерес се зема предвид кога се носат политички одлуки е исто така огромен во споредба со другите заедници, односно 42%. Вториот највисок процент во однос на ова прашање се бележи меѓу Влаинките и Турчинките (по 15%, Графикон 15).

Стремежот да учествуваат во граѓанските активности и иницијативи е во одредена мера присутен кај жените од сите етнички заедници. Во овој поглед, Бошњачките (61%) и Албанките (51%) се најамбициозни, ценејќи ја како важна (оценка 4) или многу важна (оценка 5) потребата да бидат активни во граѓанските активности. Овие проценти кај жените од другите заедници се движат од 20% кај Влаинките и 22% кај Ромките, 28% кај Србинките, 36% кај Турчинките и 39% кај Македонките. Ромките и Влаинките укажуваат на највисок степен на незаинтересираност за учество во граѓанските иницијативи, каде што над половина од испитаничките во двете заедници одговорија на ова прашање со 1 – воопшто не им е важно (Ромките 54%, Влаинките 52%). Целосна незаинтересираност за учество во граѓанските иницијативи е исто така забележлива и кај Турчинките (39%) и Македонките (26%), додека пак кај Албанките, Србинките и Бошњачките процентот се движи од 16% до 19% (Графикон 16).

Над половина од жените од бошњачката (61%), српската (52%) и албанската (51%) заедница искажаа подготвеност да реагираат доколку некоја политичка одлука е

спротивна на нивните интереси (оценки 4 и 5). Овој процент кај Македонките и Турчинките изнесува 45%, кај Влаинките 38%, а кај Ромките 27%. Повторно, Ромките изразија најнегативен став по ова прашање, при што над две третини (65%) одговорија дека не им е важно или воопшто не им е важно (оценки 1 или 2) да реагираат доколку некоја одлука е против нивниот интерес, од што 46% одговорија со 1 – дека воопшто не им е важно. Со ваков негативен став следат Влаинките (38%), Турчинките (37%), Србинките (36%) и Македонките (31%), а во нешто помала мера е застапен и кај Албанките (20%) и Бошњачките (10%) (Графикон 17).

Една пратеничка ја истакна важноста жените да се запознаат со своите политички права и со тоа колку е важно да инсистираат и да се борат да бидат слушнати: *„Жените треба да знаат дека кога одиш да купиш леб, секој пат кога купуваш леб – тоа е политичка одлука, секој пат кога плаќаш сметки – тоа е политичка одлука, кога плаќаш даноци – тоа е поврзано со вашите политички одлуки, тоа е вашиот живот, вашата иднина. Кога го носите детето во градинка – тоа е поврзано со политичкиот систем или образовниот систем во државата, тоа значи дека јас сум засегнат на секој можен начин“.*

Друга пратеничка ја истакна важноста на активизмот како алатка за политички и социјални промени и ја истакна потребата жените да почнат редовно да го практикуваат активизмот: *„Јас бев граѓанска активистка долго време и можеби од таму сега доаѓа мојата моќ во политиката... Активизмот ја подигнува свеста и критичната маса која може да ги донесе посакуваните промени“.*

**Околу половина или повеќе од половина од жените од сите заедници сакаат нивните интереси да бидат земени предвид кога се донесува политичка одлука.**

**Графикон 15.** На скала од 1 (воопшто не ми е грижа) до 5 (многу ми е важно), колку се важни следниве вредности во Вашиот живот? – Моите интереси да се земат предвид кога се донесува политичка одлука



**Стремежот да се учествува во граѓанските активности и иницијативи, во одредена мера, е присутен кај жените од сите етнички заедници.**

Графикон 16. На скала од 1 (воопшто не ми е грижа) до 5 (многу ми е важно), колку се важни следниве вредности во Вашиот живот? – Да учествувам во граѓански активности / иницијативи




**Бошњачките, Србинките и Албанките изразија најголема подготвеност да реагираат доколку некоја политичка одлука е спротивна на нивните интереси, за разлика од Ромките, каде што над две третини изјавија дека овој вид на реакција им е од мала важност.**

Графикон 17. На скала од 1 (воопшто не ми е грижа) до 5 (многу ми е важно), колку се важни следниве вредности во Вашиот живот? – Јавно да реагирам доколку некоја политичка одлука е спротивна на моите интереси (%)



На испитаничките им беа поставени низа прашања во врска со тоа на кој начин и со колкава посветеност ги добиваат информациите за политичките прашања. Политичките ТВ дебати се помалку популарни меѓу Ромките, со висок удел од 86% кои не ги следат таквите ТВ програми, по што следуваат Србинките (63%), Македонките (58%), Турчинките (46%), Албанките (45%), Бошњачките (42%) и Влаинките (35%). Повеќето од жените кои ги следат политичките дебати на телевизија го прават тоа во просек 1 до 2 часа неделно, со тоа што Турчинките водат во овој поглед со 43%, Македонките 30%, Влаинките 24%, Албанките 23%, Србинките 19% и Ромките 10% (Графикон 18).

Жените беа прашани и дали политичките теми се дел од нивната секојдневна комуникација со роднините и пријателите. Поголемиот дел од жените разговараат за политичките теми со своите роднини и пријатели до 5 часа неделно, и тука водат Бошњачките (70%) и Влаинките (68%), по што следат Турчинките (61%), Македонките и Србинките (по 54%), Албанките (34%) и Ромките (23%). Политичките прашања никогаш не се тема на секојдневен разговор кај 74% од Ромките, додека пак овој процент е два пати или повеќе понизок кај другите заедници (44% кај Албанките, 43% кај Македонките, 40% кај Србинките, 35% кај Турчинките, 20% кај Влаинките и 16% кај Бошњачките, Графикон 19).

Над половина од жените од речиси сите етнички заедници поминуваат најмалку еден или повеќе часа неделно следејќи ТВ вести. Повеќето од жените ги гледаат вестите до 5 часа неделно, односно Турчинките 65%, Македонките 64%, Бошњачките 58%, Влаинките 55%, Албанките 46%, Србинките 43% и Ромките 33%. ТВ вестите најниско рангираат кај Ромките, од кои 59% изјавија дека воопшто не ја следат оваа информативна програма (Графикон 20).

Поголемиот дел од жените кои бараат политички информации на интернет го прават тоа помалку од 2 часа неделно (Турчинките 53%, Македонките 43%, Албанките 35%, Бошњачките 34%, Влаинките 31% и Ромките 10%). Меѓутоа, значаен е и процентот на жените кои не пребаруваат политички информации на интернет, при што кај Ромките тој процент достигнува 82%. Србинките и Влаинките следат во овој поглед со 52% и 50%, соодветно, Македонките 44%, Бошњачките 39%, Турчинките 36% и Албанките 35% (Графикон 21).

**Најмалку една третина од жените во речиси сите заедници ги следат политичките дебати на телевизија до 10 часа неделно, освен Ромките, каде што само 14% го имаат овој обичај.**

Графикон 18. Колку часа неделно вообичаено поминувате на овие активности? – Гледање политички дебати на телевизија (%)




**Поголемиот дел од жените од речиси сите заедници разговараат за политички прашања со роднините и пријателите, со исклучок на Ромките, каде што 74% изјавија дека овие теми не се дел од нивните секојдневни разговори.**

Графикон 19. Колку часа неделно вообичаено поминувате на овие активности? – Разговарање за политички теми со пријателите / семејството / колегите (%)



**Жените од сите заедници ги следат ТВ вестите како главен извор за добивање информации за политички и општествени прашања.**

Графикон 20. Колку часа неделно вообичаено поминувате на овие активности? – Гледање вести на телевизија (%)




**Поголемиот дел од жените поминуваат до 2 часа пребарувајќи политички информации на интернет.**

Графикон 21. Колку часа неделно вообичаено поминувате на овие активности? – Пребарување политички информации на интернет (%)




Истражувањето ја провери и самодовербата на жените во однос на тоа дали веруваат дека ги поседуваат потребните знаења и вештини за да држат политички позиции. Резултатите покажуваат дека мнозинството од жените од сите заедници не

се чувствуваат способни да држат политичка позиција. Ваквата несигурност расте колку што е повисока политичката позиција предложена во прашалникот.

Па така, кога од жените беше побарано да ги оценат своите вештини од 1 (не ги исполнуваат условите) до 5 (целосно ги исполнуваат условите), половина и повеќе од половина од сите жени се оценија себеси со најнизок резултат (1) кога станува збор за позицијата пратеничка (49%), градоначалничка (54%), членка во Владата (56%), претседателка на Собранието (60%), премиерка (64%), и претседателка на државата (64%). Процентот на жените кои се оценија себеси со највисока оценка (5) изнесува под 2% за секоја позиција. За разлика од овие високи политички позиции, жените се чувствуваат најподготвени да станат општински советнички, при што 25% си дадоа највисока оценка (5), а 36% најниска (1) (Графикон 22).

**Жените начелно немаат самодоверба дека со своите вештини и знаења можат да држат високи политички функции.**

Графикон 22. Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете: (%) (1 – не ги исполнувам условите; 5 – целосно ги исполнувам условите)




Овие општи наоди и понатаму се разликуваат меѓу самите заедници. Во поглед на политичка позиција општинска советничка, жените од српската (45%), бошњачката (45%), македонската (41%) и албанската (36%) заедница покажаа најголема подготвеност, оценувајќи се себеси со 4 или 5 според скалата. Жените од турската (28%) и влашката (23%) заедница следат со пониска самооцена. Сепак, најзначајното отстапување се бележи во оцените на Ромките, каде што само 6% веруваат дека делумно или целосно ги исполнуваат условите за да станат општинска советничка (оценки 4 или 5 на скалата), а високи 79% веруваат дека целосно или делумно не

ги исполнуваат условите (оценки 1 или 2), при што 67% си ја дадоа себеси најниската оценка (1). Особено висок е процентот на Влаинки (69%) и Турчинки (61%) кои веруваат дека не располагаат со основните вештини и знаења за да се кандидираат за општински советнички. Овие проценти кај жените од другите заедници се движат од 34% кај Бошњачките до 42% кај Македонките. Во согласност со овие наоди, средниот резултат (на скала од 1 до 5) е најнизок кај одговорите на Ромките (1,5), додека пак највисока средна оценка (3,1) се бележи кај Србинките и Бошњачките (Графикон 23, Графикон 23а).

Анализата покажа дека како што расте политичката позиција така опаѓа и онака кревката самооцена на подготвеноста на жените да ја раководат таа позиција. Па така, ниту една од Ромките не верува дека делумно или целосно ги исполнуваат условите за да стане градоначалничка, како резултат на што 90% од нив се оценија себеси со најнизок резултат (1). По нив следат Влаинките, од кои 77% изјавија дека не поседуваат вештини за да станат градоначалнички (оцена 1), а само 9% веруваат дека целосно или делумно го поседуваат (оцена 5). Негативна самооцена (оценки 1 или 2) е забележана и кај 73% од Турчинките, 69% од Србинките и 67% од Македонките, за разлика од нивните врснички, и тоа 18% од Турчинките, 9% од Србинките и 16% од Македонките, кои ги оценија своите знаења и способности да станат градоначалнички со 4 или 5. Албанките и Бошњачките имаат најголема самодоверба во овој поглед, при што 26% ценеа дека целосно или делумно ги исполнуваат условите (оценки 4 или 5), а 48% односно 46% соодветно го мислат спротивното (оценки 1 или 2). Средниот резултат (на скала од 1 до 5) на ова прашање е највисок кај Бошњачките и Албанките (2,5), а најнизок кај Ромките (1,1) (Графикон 24, Графикон 24а).

Ваквата перцепција се отсликува и кај следниве предложени политички позиции. На прашање дали веруваат дека нивните знаења и способности се доволни за да станат пратенички, Ромките остануваат најмалку самоуверени. Имено, 88% од нив сметаат дека не ги исполнуваат условите за да станат пратенички, а само 4% веруваат дека целосно ги исполнуваат или до одреден степен ги исполнуваат условите (оценки 4 или 5). Во споредба со другите заедници, Бошњачките имаат најголема самодоверба дека со своите знаења и способности ги исполнуваат условите за да станат пратенички, при што една третина од нив (33%) го оценија ова прашање со највисоките оценки (оценки 4 или 5). По нив следат Албанките, каде што 25% во одредена мера веруваат во своите вештини (оценки 4 или 5), по што следат Македонките (22%), Србинките (18%), Турчинките (18%) и Влаинките (18%). Средниот резултат (на скала од 1 до 5) по ова прашање е највисок кај Бошњачките  (2,7), а најнизок кај Ромките (1,3) (Графикон 25, Графикон 25а).

Самодовербата кај испитаничките дополнително опаѓа кога се зборува за највисоките извршни владини позиции. Само една четвртина од Бошњачките (29%) и Албанките (25%) се сметаат себеси за подготвени да станат членки во Владата,

додека пак овој процент за останатите заедници изнесува 15% кај Македонките и Турчинките, 8% кај Влаинките, 7% кај Србинките и 2% кај Ромките. Во согласност со овие резултати, највисокиот среден резултат (на скала од 1 до 5) е забележан кај Албанките (2,4) и Бошњачките (2,3), а најнизок кај Ромките (1,2) (Графикон 26, Графикон 26а).

Понатаму, ниту една од Ромките и Влаинките не чувствува дека нивните сегашни знаења и способности се доволни за да станат премиерки. Во останатите заедници, 19% од Албанките и Србинките во одредена мера се убедени дека ги исполнуваат условите, како и 16% од Турчинките, 15% од Бошњачките и 9% од Македонките. Средниот резултат во целина (на скала од 1 до 5) е највисок кај Албанките (2,1), а е понизок од 2 во останатите заедници, паѓајќи на 1,1 кај Ромките и Влаинките (Графикон 27, Графикон 27а).

Оваа состојба до некаде се повторува за позицијата претседателка на државата. Повторно, ниту една од Ромките и Влаинките не смета дека нивните знаења и вештини се доволни за да ја држат таа политичка позиција. Најголем процент на испитаничките со самодоверба во овој поглед е забележан кај Србинките (21%), по што следат Албанките (17%), Бошњачките (15%) и Македонките (9%). Средниот резултат (на скала од 1 до 5) е највисок кај Албанките (2,1), а е повторно понизок од 2 во останатите заедници, паѓајќи на 1,1 кај Ромките (Графикон 28, Графикон 28а).

Интервјуираните политичарки се на иста линија на размислување – дека жените во целина не се сигурни во своите способности и знаења, но, исто така, и дека културната средина во нашата земја ги учи на понизност и не ја охрабрува нивната амбиција. Претставничка на Владата, етничка Албанка, посведочи дека таа се соочила со истите сомнежи во нејзината кариера: *„Имав многу понуди кои не ги прифатив, мислејќи дека не сум компетентна. А мажите кои се наредија по мене на тие позиции ги немаа вештините и знаењата што ги имам јас за таквите позиции“.* Една пратеничка, етничка Албанка, потврди дека и таа ги имала овие несигурности во своите знаења и вештини пред да влезе во политиката, и дека сега се кае за малата самодоверба што тогаш ја имала во себе: *„Кога ја видов поддршката на електоратот, моето најголемо разочарување во себеси беше тоа што пред ова не можев да го видам потенцијалот што го имав во себе, а другите го виделе потенцијалот... Сакам да оставам трага зад себе во партијата, но и како пратеничка.* Не сум толку уплашена како на почетокот, сега сум многу посигурна“.

Една пратеничка понуди пример кој ја отсликува состојбата во која начелно се наоѓаат многу жени во својот професионален развој: *„Ние го имаме овој проблем во сите области, не само во политиката; на пример, ако јас сум твојата совршена секретарка, а ти си машкиот шеф, јас ќе останам совршена секретарка до своето*

*пензионирање. Е, сега, ако секретарот беше машко, по неколку дружења и пиво, тој ќе станеше кандидат за советник или заменик за околу 6 месеци... Значи, предвидената позиција за квалитетна жена е секретарската, не повисоко од тоа“.*

Без оглед на горенаведеното, една друга пратеничка ја нагласи важноста на политичката сцена да постојат лица за пример, во чијшто одраз жените ќе можат да се видат себеси, и да ја демистификуваат политиката како можен пат за својот професионален развој: *„Мислам дека ние, жените во политиката, ќе послужиме како пример за другите жени, особено Ромките и другите жени од немнозинските заедници, и ќе можеме да им помогнеме да ги срушат тие пречки. Голем број од овие жени се образовани, имаат потенцијал, и се веќе остварени во рамките на својата заедница, па следејќи го нашиот пример, тие ќе се охрабрат да влезат во политиката“.*

**Без оглед на етничката припадност, жените начелно се поделени во однос на тоа дали ги поседуваат потребните знаења и вештини за да станат општински советнички, со исклучок на Ромките, каде што само 6% веруваат дека ги исполнуваат условите за оваа политичка позиција.**

Графикон 23. Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете советничка во општина (%)



**Графикон 23.а.:** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете советничка во општина (1 – не ги исполнувам условите; 5 – целосно ги исполнувам условите) – среден резултат




**Ниту една од Ромките не верува дека делумно или целосно ги исполнува условите за да стане градоначалничка. Овој процент кај жените од другите заедници не надминува 26%.**

**Графикон 24.** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете градоначалничка (%)



**Графикон 24а.** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете градоначалничка (1 – не ги исполнувам условите; 5 – целосно ги исполнувам условите) – среден резултат




**Со една третина позитивни одговори, Бошњачките се најубедени дека нивните вештини и знаења ги исполнуваат критериумите за да станат пратенички. Од друга страна, само 4% од Ромките ја делат истата самодоверба во однос на своите знаења и способности.**

**Графикон 25.** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете пратеничка (%)



**Графикон 25.а.:** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете пратеничка (1 – не ги исполнувам условите; 5 – целосно ги исполнувам условите) – среден резултат




**Една четвртина од Бошњачките и Албанките се сметаат себеси во одредена мера подготвени да станат членки во Владата, додека пак овој процент кај останатите заедници изнесува под 15%.**

**Графикон 26.** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете членка во Владата (%)



**Графикон 26.а.:** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете членка во Владата (1 – не ги исполнувам условите; 5 – целосно ги исполнувам условите) – среден резултат




**Ниту една од Ромките и Влаинките не верува дека нивните сегашни знаења и способности се доволни за да станат премиерки. Албанките и Србинките се најсигурни во тоа, при што 19% од двете заедници веруваат дека ги исполнуваат условите.**

**Графикон 27.** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете премиерка (%)



**Графикон 27а.** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете премиерка (1 – не ги исполнувам условите; 5 – целосно ги исполнувам условите) – среден резултат




**Ниту една од Ромките и Влаинките не верува дека ги исполнува условите за да стане претседателка на државата. Србинките дадоа најмногу позитивни одговори за оваа политичка позиција – 21%.**

**Графикон 28.** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете претседателка на државата (%)



**Графикон 28а.** Дали сметате дека со Вашите знаења и способности ги исполнувате условите за да станете претседателка на државата (1 – не ги исполнувам условите; 5 – целосно ги исполнувам условите) – среден резултат




## 2. Перцепции за жените од заедниците во политиката – етнички и културни перцепции, перспективи и предизвици

На жените им беше побарано да ги посочат заедниците за кои сметаат дека се повеќе дискриминирани од другите. Во овој поглед, мнозинството од нив, од речиси секоја заедница, ја посочија токму заедницата во која се препознаваат. Исклучок се Србинките (67%) и Влаинките (27%), каде што повеќето сметаат дека Македонките се повеќе дискриминирани. Меѓутоа, значителен процент од сите заедници посочија дека Ромките се повеќе дискриминирани во овој поглед, односно 36% од Албанките се согласуваат со оваа изјава, како и 29% од Бошњачките, 21% од Влаинките, 14% од Македонките и Турчинките и 10% од Србинките. 92% од Ромките, исто така, ја гледаат својата заедница како најдискриминирана во државата (Графикон 29).

Сите интервјуирани политичарки потврдија дека се соочувале или сè уште се соочуваат со некој облик на дискриминација, како во својот професионален ангажман во политиката така и во општеството воопшто. Тие понатаму се согласуваат, во одредена мера, дека ова е повеќе поврзано со нивниот род, но сепак, во некои случаи, во прашање е и комбинација од нивниот род и етничката припадност. Во

овој поглед, една пратеничка, етничка Албанка, изјави: „*Кога во Скопје ги започнав студиите по медицина, која отсекогаш претставуваше моја страст, по една година морав да си заминам бидејќи се соочив со етничка дискриминација, која повеќе не можев да ја поднесам, па одлучив да си заминам без да ги информирам родителите, и станав новинарка*".

Во врска со дискриминацијата на ромската заедница, една ромска пратеничка изјави дека стереотипните ставови кон оваа заедница се сè уште присутни, но таа понатаму додаде дека политичарите се должни да земат активно учество во рушењето на тие пречки: „*Јас искрено не почувствував никаков притисок или предизвик, напротив, тоа беше мотивација за мене. Овдека видов позитивен предизвик да ги истакнам проблемите кои влијаат врз ромската заедница од поширока перспектива, и клучно, тоа беше мотив за мене да ги срушам стереотипите, предрасудите и пречките кои оние кои не се Ромки ги имаат кон Ромките*".

**Значителен процент од сите заедници сметаат дека ромската заедница е повеќе дискриминирана во споредба со другите.**

Графикон 29. Дали сметате дека некои заедници се повеќе дискриминирани од другите? (%)




Македонките се речиси поделени во однос на тоа дали познаваат некоја жена од својата заедница која има висока политичка функција (47% одговорија позитивно, а 46% негативно). Меѓутоа, овој сооднос е значително неурамнотежен кај другите заедници. Високи 86% од Србинките и 80% од Ромките изјавија дека не познаваат ниту една жена од својата заедница која има висока политичка позиција, како и 75% од Бошњачките, 70% од Турчинките, 55% од Албанките и 52% од Влаинките (Графикон 30).

Жените кои познаваат некои високо позиционирани политичарки од својата заедница, понатаму беа прашани дали веруваат дека таа го користи своето влијание за подобрување на животите на луѓето од својата заедница. Одговорите се разликуваат помеѓу различните заедници, со тоа што 77% од Бошњачките и 57% од Албанките одговорија позитивно, проследено со една третина од Ромките (33%) и Бошњачките (32%) и една четвртина од Македонките (27%) и Србинките (25%). По иста насока, половина од македонските (50%) и српските (49%) испитанички одговорија негативно, додека меѓу другите заедници, процентот на негативни одговори се движеше помеѓу 20% кај Турчинките и 33% кај Ромките. 80% од Турчинките не беа сигурни како да одговорат на ова прашање (Графикон 31).

Запрашани за степенот на ангажираност и влијание кои нашите соговорнички ги вложуваат во решавање на проблемите специфични за нивната заедница, во сите случаи е присутно одредено ниво на ангажираност, но истото се разликува меѓу различните заедници. Сепак, посветеноста на ромските политичарки кон проблемите со кои се соочува нивната заедница е значително повисока. Осврнувајќи се на ова прашање, пратеничка Ромка изјави: *„Ја прифатив оваа позиција, верувајќи дека, по толку години работење во цивилниот сектор и знаејќи ги сите предизвици со кои се соочува заедницата на која припаѓам, си реков – ајде да го пробаме ова, ми беше дадена оваа различна шанса да создадам колективни решенија за ромската заедница како дел од собранискиот состав... Знаете, немнозинските заедници немаат политичка моќ и тоа е нашата најслаба точка".*

Од друга страна, една друга пратеничка, припадничка на друга заедница, се противеше на политичкото ангажирање по етничка основа, истакнувајќи дека разликите во однос на правата на жените и нивната положба во општеството се многу поизразени на ниво на урбано-рурално место на живеење: *„Мојата заедница очекува од мене првенствено да зборувам за проблемите со кои тие се соочуваат, но јас не се согласувам со таквиот начин на делување. Според мене, најголемиот јаз е помеѓу урбаните и руралните жени, без разлика на нивната етничка припадност. Не верувам дека Турчинка или Бошњачка која живее во град има различен статус од Македонката која живее во град".* Меѓутоа, на етничка основа, таа, исто така, го нагласи нивото на посветеност од страна на ромските политичарки и притисокот што го имаат од ромската заедница во овој поглед: *„Во однос на етничката припадност, разликата е видлива помеѓу Ромките и жените од другите заедници. Мојата колешка од ромската заедница значително го чувствува тој притисок и постојано се грижи дали зборува доволно и дали доволно ја поддржува ромската заедница во својата работа".*

**Над половина од жените од немнозинските заедници не познаваат ниту една жена од својата заедница која се наоѓа на висока политичка функција во државата.**

Графикон 30. Дали знаете за некоја жена од Вашата заедница која има висока политичка функција во државата? (%)




**Албанките и Бошњачките се најзадоволни со она што жените политичарки од нивната заедница го направиле за својата заедница.**

Графикон 31. Дали сметате дека таа (жената од Вашата заедница која има висока политичка функција) го користи своето влијание за да го подобри животот на луѓето од Вашата заедница? (%)




На испитаничките им беа претставени низа тврдења, па врз основа на нивните перцепции и вредности, им беше побарано да го оценат секое тврдење на скала од 1

(не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам). Со првите три тврдења, испитаничките го оценуваа нивото на, и потребата од, вклучување на жените во политиката. Имено, мнозинството жени, од 49% кај Влаинките до 79% кај Србинките, делумно или целосно се согласуваат дека жените се недоволно застапени во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија (Графикон 32). Слично е и со второто тврдење, дека *„застапеноста на жените од немнозинските заедници во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија е практично невидлива“*, каде процентот на потврдни одговори меѓу различните заедници се движеше помеѓу 46% (кај македонските испитанички) и 78% (кај српските испитанички, Графикон 33). Жените од сите заедници речиси едногласно се согласуваат и со тврдењето дека *„за државата би било подобро да има повеќе жени вклучени во политичкиот живот на државата“*. Над две третини од жените од сите заедници делумно или целосно се согласуваат со ова тврдење, при што процентот се движи од 69% (кај Албанките) до 84% (кај Влаинките, Графикон 34).

Високо ниво на согласност меѓу заедниците се забележува и во врска со тврдењето дека *„жените треба, пред сè, да бидат добри сопруги, мајки и да се грижат за домот“*. Меѓутоа, споредено со усогласеноста околу другите тврдења, опсегот на разлики во процентите меѓу заедниците овдека е најширок, односно започнува со 41% од Србинките и 47% од Македонките кои делумно или целосно се согласуваат со тврдењето, па продолжува со 52% од Влаинките, 60% од Албанките, 77% од Бошњачките и Турчинките и 84% од Ромките (Графикон 35).

Интервјуираните политичарки се согласуваат дека жените се недоволно застапени во политиката и препознаваат повеќе различни причини за таквата состојба. Една од пратеничките истакна дека една од причините е и немањето амбиција и упорност кај жените во целина за вклучување во оваа сфера: *„Мажите никогаш нема да им дадат место на жените во политиката доброволно, без оглед на тоа колку е раширена и популарна таа реторика. Од нас зависи, треба да бидеме погласни, поагресивни“*. Таа, исто така, го нагласи слабиот пристап до ресурсите што ги имаат жените во политиката: *„Жените имаат помал пристап до ресурси кои можат да го поддржат нивниот влез во политиката. За да водите успешна политичка кампања потребни ви се ресурси, и на крајот сè се сведува на тоа колку партијата ќе вложи во вашата кампања“*.

Осврнувајќи се на политичката застапеност на жените од помалите заедници, една пратеничка, припадничка на помала заедница, заклучи дека нашата политика и нашето општество начелно ја изедначуваат етничката разновидност со застапеноста на македонската и албанската заедница, при што се исклучуваат другите заедници: *„За жал, кога станува збор за етничка разновидност, фокусот е претежно врз двете најбројни заедници. Тоа е видливо и во работата на Клубот на пратенички. На разновидноста и на етничката застапеност сè уште се гледа многу тесно, а тоа е всушност огледало на општеството“*.

Перцепцијата на општеството во однос на улогата на жените и очекувањата од нив, исто така, се дискутираше и со политичарките. Сите тие напоменуваат дека општеството очекува жените да ја поносат целата тежина на грижата за домот и семејството, и жените традиционално се приспособуваат кон овие очекувања, со што се обесхрабруваат од активен професионален ангажман, а посебно од политички ангажман. Некои од интервјуираните соговорнички посведочија дека тие лично го искусиле ова очекување. Во овој поглед, една пратеничка, етнички Албанка, изјави: *„Мојата најголема болка беше тоа што ќе ги оставам своите деца зад себе со оваа нова кариера, нешто за што зборуваме многу со моите други колеги. Мажите ги немаат истите размислувања кога се впуштаат во оваа работа... Ние како жени се ограничуваме. Меѓутоа, имам колешка која се породи на третиот ден од нејзините мандат. Ѝ реков дека мислам дека е хероина во овој мандат, бидејќи целата кампања ја водеше дури беше бремена. Ова покажува дека можеме да направиме сѐ во што го вложуваме својот ум".*

**Мнозинството од жените од сите заедници веруваат дека жените, а особено оние од немнозинските заедници, се недоволно застапени во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија и дека би било подобро ако повеќе жени се вклучат во политиката. Од друга страна, тие исто така очекуваат примарната улога во животот на жената да биде улогата на мајка и сопруга.**

*На скала од 1 (не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), во колкава мера се согласувате со следниве тврдења:*

**Графикон 32.** Жените се недоволно застапени во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија (%)



**Графикон 33.** Застапеноста на жените од немнозинските заедници во политичкиот и јавниот живот во Северна Македонија е практично невидлива (%)




**Графикон 34.** За државата би било подобро да има повеќе жени вклучени во политичкиот живот на државата (%)



**Графикон 35.** Жените треба, пред сѐ, да бидат добри сопруги, мајки и да се грижат за домот (%)




Со анкетата, исто така, се испитаа и евентуалните јазични пречки за добивање меродавни информации за политички прашања. Значителен процент од жените од немнозинските заедници изјавија дека различните јазични групи не добиваат доволно информации за јавните работи, политиката и изборите. Имено, 41% од Србинките и Бошњачките и 38% од Влаинките се согласуваат во овој поглед, по што следуваат 35% од Албанките, 29% од Турчинките и 17% од Ромките (Графикон 36).

Запрашани за тоа што веруваат дека е причината за ваков јаз, 28% од испитаничките кои го препознаа овој проблем посочија дека *„политичките актери не се доволно заинтересирани да шират информации на мајчиниот јазик на секоја заедница“*, а 20% изјавија дека проблемот е во тоа што *„не постои политичка партија што ги поддржува интересите на нивната заедница“* или дека *„нема или има многу малку претставници на политички партии што се од нивната заедница“*. Недостатокот на медиуми на нивниот мајчин јазик во земјата како причина е забележан од страна на 14% од испитаничките (Графикон 37).

**Околу една третина или повеќе од жените од речиси сите немнозински заедници веруваат дека различните јазични групи не добиваат доволно информации за политичките прашања.**

**Графикон 36.** Дали различните (јазични) групи добиваат доволно информации за државните работи, политиката и изборите? (%)




**Графикон 37.** Кои се јазовите? (%)




Голем дел од жените од сите заедници не се запознаени со тоа дали постојат политички партии кои практикуваат политики на зголемување на политичкото присуство на жените од немнозинските заедници. Овој процент е највисок кај Ромките (81%), по што следуваат 57% од Македонките и Влаинките, 56% од Турчинките, 41%

од Бошњачките и 35% и 33% од Албанките и Србинките, соодветно. Значителен процент од жените од сите заедници, исто така, веруваат дека не постои политичка партија која ја негува идејата за зголемување на бројот на жените од немнозинските заедници во политиката, при што овој процент се движи од 8% кај Ромките, 16% и 17% кај Македонките, односно Влаинките, 22% кај Албанките, 27% кај Србинките и 35% кај Бошњачките. Повеќето од испитаничките, кои посочија политички партии од речиси сите заедници, го издвоија СДСМ, односно 35% од Србинките, 21% од Влаинките, 19% од Бошњачките, 16% од Македонките и 7%, односно 6% од Ромките и Албанките, соодветно (Графикон 38).

Интервјуираните политичарки се согласуваат дека политичките партии играат суштинска улога во зголемувањето на бројот на жените во политиката. Една пратеничка го истакна овој заклучок: *„Политичките партии играат клучна улога во овој поглед. Партијата од чии редови доаѓам имаше усет да го препознае квалитетот на жените од различни гранки, различни професии, и да постави маж-жена, маж-жена... на кандидатската листа на последните парламентарни избори... Оваа практика го премости јазот помеѓу мажите и жените и со пример покажа дека и другите политички партии треба да им дадат можности и шанси на жените. Во доменот на локалната власт, сè уште немаме доволна застапеност на жените“.* Пратеничката понатаму наведе дека прашањето за зајакнување на жените од немнозинските заедници во политиката може поуспешно да се реши преку граѓанските демократски партии, а не преку политичките партии кои претставуваат одредена заедница.

Меѓутоа, претставничка на Владата, која е етничка Албанка, истакна и дека жените во политичките партии треба да бидат поактивни, поостроумни, и поагилни во создавањето простор за себе и за другите жени во рамките на своите политички партии, за да дејствуваат и да напредуваат: *„Лично, да имав поголема поддршка во минатото, ќе се обидев повеќе да влијаам врз партиските структури, особено женските форуми, за да ги направам доволно силни, за мажите од партијата да размислат два пати пред да ги отфрлат мислењата на жените“.*

**Мнозинството жени од сите заедници не препознаваат политичка партија која вложува во зголемување на застапеноста на жените од немнозинските заедници во политиката.**

Графикон 38. Дали знаете за некоја политичка партија која води политика или поставува квоти за зголемување на членството /застапеноста на жените од немнозинските заедници? (%)




Жените од сите заедници се начелно поделени околу тоа дали жените од немнозинските заедници кои се вклучени во националната политика имаат моќ да влијаат. Па така, највисок процент на позитивни одговори е забележан кај Србинките (40%) и Бошњачките (38%), по што следат Албанките (34%), Македонките (33%), Ромките (31%), Турчинките (28%) и Влаинките (26%). За разлика од нив, половина од Влаинките (53%) се најскептични кога станува збор за моќта на жените од немнозинските заедници да влијаат врз политиката. Понатаму следуваат Македонките и Србинките, каде што 42% не веруваат дека жените политичарки од немнозинските заедници се влијателни во своите јавни улоги, како и 38% и 37% од Турчинките и Бошњачките, 33% од Ромките и 30% од Албанките (Графикон 39).

Жените, исто така, се поделени во своите одговори на прашањето дали жените од немнозинските заедници кои се во јавни улоги работат на теми кои се од важност за положбата на жените. Па така, половина од Бошњачките (54%) веруваат дека жените политичарки кои се припаднички на малцинска заедница ги поддржуваат прашањата на жените во својата работа, додека пак овој процент кај останатите заедници е помал – 41% кај Албанките, 36% кај Македонките, 31% кај Ромките и Србинките, 26% кај Влаинките и 23% кај Турчинките. Како резултат на тоа, 45% од Србинките и 42% од Ромките и Влаинките (Графикон 40) не веруваат дека жените од немнозинските заедници работат на проблемите на жените во своите политички улоги.

Интервјуираните политичарки се согласија дека моќта да влијаат врз политиката, не само за жените од немнозинските заедници, туку и за жените воопшто, е помала во споредба со мажите. Понатаму, сите тие тврдат дека ова е значително условено од различниот начин на живеење и традиционалните родови улоги што мажите и жените ги имаат во нашето општество, а кои се директно поврзани со практиките на донесување одлуки. Во таа смисла, една пратеничка, припадничка на помала заедница, изјави: *„Политиката се одлучува за време на ручек или вечера, после работното време, во рестораните. Факт е дека жените се значително помалку присутни на такви простори. Има бројни примери каде што состанокот продолжува по работното време, но жените политичарки не можат да се приклучат бидејќи имаат обврски дома околу семејството“.*

Една политичарка, етничка Албанка, понатаму наведе дека не само општествената средина, туку и машките колеги често се пречка за жените при извршувањето на нивната политичка моќ: *„Можеби би сакала да бидам политички активна во мојата партија, но кога машките колеги ќе видат дека имате амбиции да напредувате, тие ќе ви поставаат препреки на вашиот пат, бидејќи тие имаат голема одбивност кон компетентните жени“.* Во овој поглед, една пратеничка, етничка Албанка, додаде: „Има жени во институциите, но не и на позиции каде што се носат одлуките. Каде што треба да се работи, жените се таму; каде што постои комодитет и моќ, таму се мажите“. Сепак, некои соговорнички нагласија дека жените од немнозинските заедници се во понеповолна положба кога станува збор за политичко влијание, и тоа го припишуваат на неколку фактори. Една пратеничка, етничка Албанка, изјави: *„Самите жени, особено во помалите заедници, немаат доволно интерес или поддршка од својата средина, немаат доволно образование итн.“.*

Меѓутоа, кога станува збор за потребата да се фокусира политичката моќ на специфични прашања со кои се соочуваат жените од нивната заедница, постојат одредени разлики во перцепцијата на интервјуираните соговорнички. Една пратеничка изјави дека таа првенствено гледа разлика помеѓу урбаните и руралните жени, а што се однесува до етничката припадност, Ромките се повеќе дискриминирани во споредба со жените од другите заедници: *„Кога зборувам за жени, зборувам за сите жени. Ретко зборувам конкретно за жените припаднички на мојата заедница и често добивам негативни забелешки од својата заедница поради ова... Во однос на етничката припадност, разликата е видлива помеѓу Ромките и жените од другите заедници“.*

**Жените од сите заедници се поделени во мислењето дали жените од немнозинските заедници во политиката имаат моќ да влијаат.**

Графикон 39. Дали сметате дека жените припаднички на немнозинските заедници кои вршат некоја јавна улога (во националната политика) имаат моќ да влијаат? (%)




**Жените од сите заедници начелно се поделени во своето уверување дали жените политичарки од немнозинските заедници во својата работа ги поддржуваат прашањата поврзани со жените.**

Графикон 40. Дали сметате дека жените припаднички на немнозинските заедници кои вршат некоја јавна улога (во националната политика) работат на прашања од важност за жените? (%)



Огромното мнозинство жени од сите заедници веруваат дека *„жените можат да бидат добри политичарки и треба да се охрабруваат да се кандидираат на избори“*. Висок процент се забележува кај Влаинките и Македонките, 91% и 90% соодветно, по што следат 85% од Србинките, 84% од Турчинките, 83% од Бошњачките, 78% од Албанките и 68% од Ромките, кои се согласуваат или целосно се согласуваат со ова тврдење (Графикон 41).

На сличен начин, повеќето жени од сите заедници веруваат дека жените треба да донесат независна одлука дали сакаат да бидат вклучени во политиката, без оглед на ставовите на нивните родители / партнери. Околу 80% или повеќе од Турчинките (87%), Србинките (87%), Македонките (86%), Бошњачките (80%) и Влаинките (79%) се согласуваат или целосно се согласуваат со ваквата перцепција. Ова мислење, исто така, го делат 67% од Албанките и 62% од Ромките (Графикон 42).

Поддршката е висока и во однос на обезбедување еднакви права за жените и можности да бидат избрани на политичка функција како и мажите. Ова гледиште го поддржуваат 80% или повеќе од жените од речиси сите заедници – 94% од Влаинките, 93% од Србинките, 92% од Македонките, 86% од Турчинките, 83% од Бошњачките и 80% од Албанките. Овој процент е нешто помал кај Ромките – 64% (Графикон 43).

Понатаму, процентот на жените кои не се согласуваат со тврдењето дека *„мажите се подобри лидери од жените“* е повисок од процентот на жените кои се согласуваат со тврдењето, и тоа во сите заедници, освен кај Албанките, каде што 28% од жените не се согласуваат, а 43% се согласуваат. Процентот на жените кои не мислат дека мажите се подобри лидери од жените е околу четири пати повисок од жените кои веруваат во спротивното, и тоа кај Македонките (61% не се согласуваат дека мажите се подобри лидери од жените, додека пак 16% се согласуваат или целосно се согласуваат), Ромките (43% не се согласуваат, а 10% се согласуваат или целосно се согласуваат), и Влаинките (53% не се согласуваат, а 14% се согласуваат или целосно се согласуваат). Процентот на жените во српската заедница кои не се согласуваат или целосно не се согласуваат дека мажите се подобри лидери од жените изнесува 57%, додека пак процентот на оние кои веруваат во спротивното е речиси два пати помал, односно 27%. 37% од Бошњачките не веруваат дека мажите се подобри лидери од жените, додека пак 28% веруваат дека е така. Овој процент на Турчинки кои не се согласуваат со тврдењето (40%), е само 3 процентни поени повисок од жените кои се согласуваат со тоа (37%, Графикон 44).

Меѓутоа, заедниците се поделени во своите одговори поврзани со тврдењето дека *„жените се плашат од големи одговорности“*. Па така, мнозинството жени од ромската (60%), македонската (56%), влашката (55%) и бошњачката заедница (48%) не веруваат дека жените се плашат да преземат поголеми одговорности, додека пак

мнозинството од Турчинките (58%), Албанките (51%) и Србинките (31%) веруваат во спротивното (Графикон 45).

Една пратеничка во интервјуто изјави дека поддршката што жените обично ја добиваат кога се вклучуваат во политиката е, главно, прашање на индивидуалните семејни вредности и практики, но, сепак, може да се воочи одреден образец кај жените од руралните средини, без оглед на етничката припадност: *„Мислам дека тоа е многу индивидуално, но постои одреден стереотип дека немнозинските заедници се сметаат за помалку пресретливи во овој поглед. Според моето искуство, тие (жените од немнозинските заедници) секогаш се поддржани, тие се почитувани бидејќи исчекоруваат напред, па јас не се согласувам со стереотипот. Сега гледаме дека стереотипите за руралните наспроти урбаните средина можат да покажат разлики тука, бидејќи помалата средина е позатворена, бидејќи ги чуваат традиционалните корени. Меѓутоа, може да се појави разлика во поддршката помеѓу руралната и урбаната средина, имајќи на ум дека руралната средина е позатворена, таму традиционалните корени се задржани. Имаме рурални средини со доминантно македонско население, но немаат вода за пиење, вода за миење, за новороденчињата. Жените кои живеат во тие услови не размислуваат како да стигнат до Скопје и да се вклучат во политиката... Ајде да поразговараме за тоа колку овие жени ќе бидат поддржани од семејството за да влезат во политиката, нема да бидат поддржани воопшто“.*

Во согласност со овие размислувања, една претставничка на Владата, која е етничка Албанка, истакна дека и покрај поддршката што жените можат да ја добијат во својата кариера од страна на нивното семејство, општеството може да биде сериозна пречка: *„Имав среќа што ја имав поддршката на моето семејство и никогаш не бев третирана поинаку од мојот брат, но во моментот кога излегов од дома знаев дека морам да се борам за моето место...“.*

**Жените од сите етнички заедници се убедени дека жените можат да бидат добри политичарки и треба да се охрабруваат да се кандидираат на избори.**

Графикон 41. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените можат да бидат добри политичарки и треба да се охрабруваат да се кандидираат на избори (%)




**Одлуката да се вклучат во политиката треба да биде одговорност на жените.**

Графикон 42. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица:Жените треба да се вклучат во политиката, без оглед на ставовите на нивните родители / партнери (%)



**Жените треба да уживаат еднакви права и можности да бидат избрани за политичка функција како и мажите.**

Графикон 43. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените треба да имаат подеднакви можности како и мажите да бидат избрани за политичка функција(%)




**Мнозинството од жените од сите заедници, освен Албанките, не веруваат дека мажите се подобри лидери од жените.**

Графикон 44. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Мажите се подобри лидери од жените (%)



**Заедниците се поделени во своите перцепции за тоа дали жените се плашат да преземат големи одговорности или не.**

**Графикон 45.** На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените се плашат од големи одговорности (%)




Мнозинството жени од сите заедници би гласале за кандидат кој го поддржува подобрувањето на положбата на жените во општеството. Турчинките (81%), Србинките (78%) и Влаинките (78%) се најголеми поддржувачи на таквите кандидати, по што следат Ромките (74%), Бошњачките (74%) и Македонките (71%). Што се однесува до жените од албанската заедница, иако мнозинството од нив, исто така, би гласале за кандидат со родово чувствителна програма, овој процент е нешто помал во споредба со останатите заедници, 54% (Графикон 46).

Понатаму, жените едногласно изјавија дека жените подобро ќе ги застапуваат потребите на жените (%). Над 70% од жените од сите заедници се согласуваат или целосно се согласуваат со ова тврдење, односно 87% од Бошњачките и Влаинките, 83% од Србинките, 82% од Ромките и Македонките, 74% од Турчинките и 72% од Албанките (Графикон 47).

Истото ниво на позитивен одговор се доби и кога беа прашани поконкретно дали веруваат дека жените политичарки подобро ќе ги претставуваат потребите на жените од нивната заедница. Имено, 88% од жените од турската заедница се согласуваат или целосно се согласуваат со оваа изјава, по што следат 84% од Влаинките, 83% од Бошњачките, 81% од Македонките, 80% од Ромките, 77% од Албанките и 76% од Србинките (Графикон 48).

Поголемиот дел од жените, исто така, тврдат дека политичкиот живот во државата ќе биде помалку корумпиран и помалку насилен доколку жените повеќе се вклучат во него. Имено, 70% од Албанките и Бошњачките се согласуваат или целосно се согласуваат дека жените ќе го направат политичкиот живот помалку корумпиран, како и 61% од Македонките, 57% од Турчинките, 53% од Влаинките, 52% од

Србинките и 37% од Ромките (Графикон 49). Сличен одговор беше добиен кога беа прашани за степенот во кој се согласуваат со тврдењето дека жените ќе го направат политичкиот живот помалку насилен, со тоа што 77% од Бошњачките и 75% од Албанките се согласуваат или целосно се согласуваат, како и 69% од Србинките и Македонките, 65% од Турчинките, 55% од Влаинките и 37% од Ромките (Графикон 50).

Жените, исто така, ги сметаат жените политичарки за повеќе посветени на состојбата со социјална заштита во државата. Над 60% од жените од сите заедници веруваат дека жените политичарки ќе ги зајакнат политиките за социјална заштита. Во согласност со ова, 77% од Бошњачките се согласуваат или целосно се согласуваат со оваа изјава, по што следуваат 73% од Албанките, 70% од Македонките, 64% од Влаинките, 63% од Ромките и Турчинките и 61% од Србинките (Графикон 51).

Во согласност со овој резултат, една од интервјуираните пратенички објасни дека критериумите за ангажирање на жените во политиката се различни од критериумите за мажите, што е дополнителна пречка за жените во потрага по политичка кариера. Таа изјави: „*Ќе ве оценуваат, како жена, за сѐ... Ќе ве критикуваат за сѐ она за што мажот не би бил критикуван. Мажите се критикуваат само во случај на финансиски злоупотреби, жените, од друга страна – за сѐ. Имаме политичар на Балканот, Еди Рама, чиј заштитен знак се шарените чорапи и кратките панталони, и на тоа се гледа со симпатии, дека тој е уникатен, дека е различен, што не може да се реплицира, и дека тоа е неговата харизма. Замислете јас да го направам тоа... Сакате ли да ги броите минутите дури почне да се зборува за моите шарени новогодишни чорапи?*“.

**Мнозинството од жените од сите заедници гласаат за кандидати кои во своите програми вклучуваат поддршка за подобрување на положбата на жените во општеството.**

**Графикон 46.** Дали би гласале за кандидат/ка кој/а во својата програма вклучува активности за подобрување на положбата на жените во општеството? (%)



**Жените едногласно се согласуваат дека жените политичарки подобро ќе ги застапуваат нивните потреби.**

Графикон 47. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените подобро ќе ги застапуваат потребите на жените (%)




**Жените веруваат дека жените политичарки подобро ќе ги застапуваат потребите на жените од нивните заедници.**

Графикон 48. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените подобро ќе ги застапуваат потребите на жените од својата заедница



**Жените веруваат дека жените политичарки ќе го направат политичкиот живот помалку корумпиран.**

Графикон 49. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените ќе го направат политичкиот живот помалку корумпиран (%)




**Жените веруваат дека жените политичарки ќе го направат политичкиот живот помалку насилен.**

Графикон 50. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените ќе го направат политичкиот живот помалку насилен (%)



**Жените политичарки ќе ја зајакнат социјалната заштита во земјата.**

Графикон 51. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените ќе ги зајакнат политиките за социјална заштита (%)




Испитаничките беа прашани и дали веруваат дека жените нема да бидат толку влијателни колку и мажите, и дека нема да бидат во можност да ги спроведат политиките за кои се залагаат во иста мера колку и мажите. Резултатите покажуваат дека повеќето од жените од речиси сите заедници не се согласуваат со ова тврдење. Имено, половина од Ромките (55%), Србинките (53%) и Македонките (51%), во одредена мера не се согласуваат со ова тврдење, како и 42% од Бошњачките и 35% од Влаинките. Од друга страна, 51% од Албанките се согласуваат или целосно се согласуваат дека жените нема да бидат толку влијателни колку и мажите и нема да можат да ги спроведат своите политики, додека 20% веруваат во спротивното. Процентот на Турчинки кои се согласуваат со тврдењето е еднаков на процентот кои не се согласуваат, односно 29% и 30% соодветно (Графикон 52).

Само мнозинството од Ромките (47%) и Македонките (37%) не се согласуваат со тврдењето дека мажите во политиката одлучуваат во името на жените во политиката, додека пак мнозинството жени од другите заедници се согласуваат во одредена мера. Две третини од Влаинките (65%), околу половина од Турчинките (55%), Албанките (54%), Србинките (49%) и Бошњачките (43%) сметаат дека мажите политичари одлучуваат за нивните колешки (Графикон 53).

Меѓутоа, жените се поделени кога станува збор за перцепцијата на вистинското влијание на жените во политиката. Меѓу албанската (42%), македонската (37%) и српската (31%) заедница, повисок процент од жените веруваат дека жените во политиката се донекаде влијателни во споредба со оние кои веруваат дека не се (23%, 20% и 11%, соодветно). За разлика од нив, перцепцијата е обратна кај останатите

заедници, со 42% од Ромките, 34% од Влаинките, 30% од Турчинките и 28% од Бошњачките кои веруваат дека жените во политиката имаат мало влијание или воопшто немаат влијание, додека процентот на жените од нивните заедници кои веруваат во спротивното е помал (15% од Ромките, 21% од Влаинките, 19% од Турчинките, 18% од Бошњачките). Сепак, значителен дел од жените остануваат неодлучни по ова прашање – 59% од Србинките, 54% од Бошњачките, 45% од Влаинките, 42% од Турчинките, 39% од Македонките, 37% од Ромките и 28% од Албанките (Графикон 54).

Одразувајќи ја оваа перцепција, една пратеничка сподели искуство за конкретна пречка со која се соочуваат жените кога се обидуваат да иницираат промени и да го остварат својот мандат: *„Традиционално, во македонската политика, имаме една изрека која сите ја знаеме, а тоа е: 'не брануvaj', што значи да ја чуваме водата мирна, без оглед на тоа дали водата е полна со крв, со трње. Истата важи и за мажите, но, традиционално, мислам дека е повеќе насочена кон жените. Бидејќи тоа им доаѓа природно поради културата, молете и не инсистирајте“.*

**Поголемиот дел од жените не веруваат дека жените политичарки не можат да бидат толку влијателни колку и мажите во спроведувањето на своите политики. Албанките се исклучок, при што мнозинството веруваат во спротивното. Турчинките се поделени по ова прашање.**

Графикон 52. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Жените нема да бидат толку влијателни колку и мажите и нема да можат да ги спроведат своите политики (%)



**Мнозинството жени од речиси сите заедници веруваат дека мажите во политиката одлучуваат во името на жените во политиката. Поголемиот дел од Ромките и Македонките веруваат во спротивното.**

Графикон 53. На скала од 1 (воопшто не се согласувам) до 5 (целосно се согласувам), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Мажите во политиката одлучуваат во името на жените во политиката (%)




**Поголемиот дел од жените се нерешителни за тоа колку се влијателни жените во политиката. Процентот на жените од различните заедници кои имаат конкретно мислење по ова прашање укажува на поделба.**

Графикон 54. На скала од 1 (немаат влијание) до 5 (многу се влијателни), Ве молиме, оценете ја следнава реченица: Колку сметате дека се влијателни жените во политиката? (%)



Над половина од жените од речиси сите заедници ги поддржуваат задолжителните квоти за застапеност на жените на кандидатската листа на политичките партии. Па така, 77% од Турчинките се за квотите, како и 66% од Ромките и Бошњачките, 64% од Србинките, 61% од Македонките и 59% од Албанките. Жените од влашката заедница се исклучок, со половина од нив (50%) против и 41% за квотите. Покрај тоа, 29% од Србинките, исто така, се против квотите, како и 19% од Бошњачките и Македонките, 14% од Албанките, 8% од Турчинките и 4% од Ромките. Меѓутоа, значителен процент од испитаничките изјавија дека не се запознаени со квотите, имено 30% од Ромките, 22% од Албанките, 20% од Македонките, 15% од Турчинките и Бошњачките, 9% од Влаинките и 7% од Србинките (Графикон 55).

Жените кои не ги поддржуваат квотите понатаму беа замолени да го објаснат својот став, и речиси половина од нив (47%) рекоа дека родот не треба да биде критериум за некој да се најде на кандидатската листа. Понатаму, 18% веруваат дека нема потреба од квоти бидејќи жените веќе имаат еднакви политички права како и мажите, 14% изјавија дека политичката партија има право да ја уреди своја кандидатска листа како сака, а 6% рекоа дека жените политичарки се под контрола на нивните колеги мажи. Само 3% веруваат дека е нормално жените да бидат застапени во политиката помалку од мажите (Графикон 56).

Мислењата на интервјуираните политичарки се разликуваат во однос на нивната перцепција за корисноста и користењето на квотите, и за тоа дали би можело да има алтернативен начин да се задржи и зголеми бројот на жените во политиката. Една пратеничка рече: *„Ако има повеќе жени на масата, додадете столчиња, зошто да се користат квоти? Во група на мажи во раководството, ако на две жени им се дозволи да седнат, веднаш се поставува прашањето: – 'Како стигнале таму?', а во позадина свири песната 'Чија си?'... Квотата ми пречи, не дека не ми пречи, но исто така и ме плаши дека во моментот кога квотите ќе се укинат, нема да има жени на политичката сцена. Затоа, прашањето е дали жените тогаш нема да посегнат по политичката позиција или едноставно нема да им биде дозволено, или ќе биде комбинација од двете“.* Од друга страна, нејзината колешка во Собранието ја истакна својата поддршка за квотата и се залага за нејзино зголемување: *„Ајде да работиме на зголемување на квотата од 40 на 50 проценти, за повеќе жени во извршната власт“.*

**Мнозинството жени од речиси сите заедници ги поддржуваат квотите за застапеност на жените на кандидатската листа на политичките партии.**

Графикон 55. Дали ги поддржувате задолжителните квоти за застапеност на жените на кандидатските листи на политичките партии? (%)




**Половина од жените кои се против квотите изјавија дека родот не треба да биде критериум за некој да се најде на кандидатската листа.**

Графикон 56. Доколку не ги поддржувате квотите, зошто е тоа така? (%)




Жените беа прашани дали се запознаени со работата на жените советнички во рамките на нивниот општински совети, на што 84% од Ромките, 78% од Влаинките и 77% од Турчинките, како и 70% од Турчинките, 69% од Македонките, 58% од Албанките и 53% од Бошњачките одговорија негативно. Само околу една третина

од Бошњачките (36%), Албанките (27%) и Македонките (27%) изјавија дека се запознаени, а што се однесува до другите заедници, овој процент се движеше помеѓу 11% кај Ромките и 18% кај Србинките (Графикон 57).

Висок процент на жени, исто така, не се запознаени со жените пратенички во Собранието. Ова е случај кај две третини или повеќе од жените од секоја заедница, почнувајќи со 60% од жените од албанската заедница, 67% од жените од бошњачката заедница, 69% од жените од македонската заедница, 74% од жените од српската заедница, 75% од жените од влашката заедница и 91% од жените од ромската заедница. Помалку од една третина од Македонките (27%) изјавија дека се запознаени со жени пратенички, како и 21% од жените од албанската заедница, 19% од жените од српската и влашката заедница, 18% од жените од бошњачката заедница, 11% од жените од турската заедница и 9% од жените од ромската заедница (Графикон 58).

Од испитаничките беше побарано да наведат политички лидер во државата чиј стил на лидерство го доживуваат позитивно. Макар што огромното мнозинство од жените од сите заедници изјавија дека не постои или дека не познаваат таков лидер, сепак, меѓу жените кои одговорија на прашањето од речиси сите заедници, преовладаа имињата на машки политички лидери. Машки лидери беа наведени од страна на една третина од Србинките (35%) и Ромките (32%), додека жените политички лидерки беа наведени од страна на 9% и 2% од двете заедници, соодветно. Сличен е случајот и кај влашката и македонската заедница, каде што 30% од Влаинките наведоа машко име, а 13% женско, односно 20% од Македонките наведоа машко име, а 12% женско. Разликата е помалку забележлива во албанската заедница, каде што 11% наведоа машки политичар. а 6% женски; додека пак процентите се изедначени во рамките на турската (7% – мажи, 6% – жени) и бошњачката заедница (15% – мажи, 16% – жени, Графикон 59).

Истражувањето понатаму покажа дека жените политичарки, припаднички на немнозинските заедници, јавноста ретко, ако и воопшто, ги слуша. Имено, кај пет од седумте заедници, над 83% од жените изјавија дека не слушнале или не прочитале говор од жена од немнозинска заедница во политиката. Ова е случај кај 92% од Турчинките, 88% од Македонките, 87% од Ромките, 86% од Србинките и 83% од Влаинките. Иако значаен, овој процент е сè уште помал кај Бошњачките (75%) и Албанките (62%, Графикон 60).

Една пратеничка, припадничка на помала заедница, призна дека жените политичарки се помалку видливи во јавноста, и таа го посочи овој проблем како директна последица на малкуте ресурси кои жените ги имаат на располагање за промотивни цели: *„Во реалноста, жените се помалку присутни од мажите во медиумите, помалку се промовираат, а една од причините за сето ова е распределбата на ресурсите“.*

**Жените од сите различни заедници во голема мера не се запознаени со работата на жените советнички во нивните општински совети.**

Графикон 57. Дали сте запознаени со работата на жените советнички во Советот на Вашата Општина?




**Жените од сите заедници начелно не се запознаени со жените пратенички.**

Графикон 58. Дали сте запознаени со жените пратенички? (%)



**Жените од сите заедници на прво место наведуваат машки лидер како позитивен пример за стил на лидерство.**

Графикон 59. Наведете политички/а лидер/ка во Северна Македонија чијшто стил на лидерство го сметате за позитивен (%, повеќекратен избор)




**Жените не се изложени на говори на политичари кои доаѓаат од жени членови на немнозинската заедница.**

Графикон 60. Во изминатите 7 дена, дали сте слушнале (или прочитале) говор на жена од немнозинска заедница во политиката? (На телевизија, лично, на интернет, во весник... %)



Жените се исто така скептични во однос на веројатноста жените од немнозинските заедници да се најдат на високи политички позиции во блиската иднина. На прашањето на скала од 1 (неверојатно) до 5 (многу веројатно) да ја оценат веројатноста жените од немнозинските заедници да имаат одредена висока политичка позиција, над половина од жените (54%) веруваат дека не е веројатно за жена од немнозинска заедница да стане претседателка на државата. 40% од нив се цврсто уверени дека тоа воопшто нема да се случи. Од друга страна, 21% го мислат спротивното, односно дека е веројатно или многу веројатно на оваа позиција да дојде жена од немнозинска заедница. Овие резултати се во одредена мера слични кога станува збор за политичките позиции премиерка и претседателка на Собранието, при што 49% од жените не веруваат дека жена од немнозинска заедница ќе стане премиерка (34% од нив изјавија дека вакво нешто најверојатно никогаш нема да се случи), а 46% го имаат истото мислење за позицијата претседателка на Собранието (29% од нив одговорија со 1 – воопшто не е веројатно). За разлика од ова, 24% од жените веруваат дека е можно жена од немнозинска заедница да стане премиерка, а 27% го веруваат истото за претседателка на Собранието (Графикон 61).

Процентите се пооптимистични во случајот на политичките позиции министер, пратеничка, градоначалничка и општинска советничка. Речиси половина од испитаничките (46%) изјавија дека е веројатно или многу веројатно за жена од немнозинска заедница да има пратеничка, 42% веруваат дека истото е веројатно за политичката позиција министерка во Владата, а 38% за позицијата градоначалничка. Процентот на жените кои не се согласуваат со ова е 23% за позицијата на пратеничка, 31% за позицијата на министерка, и 32% за градоначалничка. Жените се најсигурни кога станува збор за политичка позиција члена на општинскиот совет, каде што речиси две третини (57%) одговорија дека е веројатно или многу веројатно жена од немнозинска заедница да биде избрана за општинска советничка, додека пак само 18% веруваат во спротивното (Графикон 61).

**Како што политичката позиција добива поголема политичка моќ, жените стануваат сè помалку убедени дека жена од немнозинска заедница некогаш ќе биде избрана за носител на таа позиција.**

Графикон 61. Која е веројатноста жените од немнозинските заедници да држат некоја од следниве лидерски позиции: (%)




Над две третини од жените од сите заедници, освен албанската, веруваат дека албанската заедница е презастапена во политичкиот и јавниот живот на државата. Оваа перцепција ја делат 72% од Македонките, 68% од Србинките, 66% од Турчинките, 65% од Влаинките, 63% од Ромките и 7% од Албанките. Македонската заедница следи во овој поглед, посочена од страна на 50% од Бошњачките, 47% од Турчинките, 35% од Албанките, 16% од Ромките, 7% од Србинките, 5% од Влаинките и 4% од Македонките (Графикон 62).

Интервјуираните жени политичарки се согласија дека политичката застапеност на секоја заедница и секоја група во ризик од социјална исклученост е клучна за демократскиот развој на земјата. Една пратеничка во овој поглед изјави: „*Ако не бев дел од овој собраниски состав, проблемите на мојата заедница ќе се одолговлечеа до бесконечност. Позитивно е секогаш да се има претставник од одредена заедница, кој ги знае проблемите и може да понуди системско решение. Тоа е поефективен приод и носи поголема тежина. Оттука, јас, како жена претставничка на таа заедница, сум засегната од проблемите и ги познавам, работев на тие проблеми, и со тоа што сум тука полесно можам да ги убедам моите колеги да го решат проблемот*».

**Жените од сите различни заедници, освен албанската, ја сметаат албанската заедница за презастапена во политичкиот и јавниот живот на државата. Македонската заедница следи во овој поглед.**

Графикон 62. Дали сметате дека некои заедници се прекумерно застапени во политичкиот и јавниот живот во државата? (%)




Од жените беше побарано на скала од 1 (воопшто не) до 5 (апсолутно да) да оценат три стереотипни тврдења за позицијата на жените во политичкиот живот врз основа на нивното лично расудување и убедување. Па така, на прашањето дали жената треба да биде пасивна и тивка во политичкиот живот на државата / заедницата, над половина од жените од сите заедници не се согласија. Сепак, бројките се колебаат помеѓу различните заедници, при што највисок степен на изречно несогласување (оценка 1) е забележан кај Македонките (оценка 1 – 62%; оценка 1 или оценка 2 – 80%), Ромките (оценка 1 – 61%, оценка 1 или оценка 2 – 67%) и Влаинките (оценка 1 – 60%, оценка 1 или оценка 2 – 70%). Општо земено, процентот на жените кои не се согласуваат со тврдењето (оценка 1 или оценка 2) се движи помеѓу 52% кај Албанките, 60% кај Бошњачките, 64% кај Турчинките, 67% кај Ромките, 70% кај Влаинките и 80% кај Македонките (Графикон 63).

Од друга страна, за споредба, процентот на жените од сите различни заедници кои не мислат дека жените треба да ги следат мажите во политичкиот живот на државата / заедницата е значително помал. Имено, над половина од жените од српската (69%), македонската (64%) и бошњачката (55%) заедница не се согласуваат дека жените треба да ги следат мажите во политичкиот живот, а 7% од Србинките, 15% од Македонките и 25% од Бошњачките се согласија со тоа. Албанките и Турчинките се подеднакво поделени во овој поглед, односно 36% од Албанките не се согласуваат, додека 35% се согласуваат, и 35% од Турчинките не се согласуваат, а 36% се согласуваат. Што се однесува до другите заедници, 33% од Влаинките и 25% од

Ромките не се согласуваат со тврдењето, а 25% од жените од влашката и 19% од ромската заедница се согласуваат со тврдењето (Графикон 64).

Жените, исто така, се поделени и во своите перцепции за тоа дали жените ги учат дека власта и политичкото лидерство не се за нив (%). Оттука, процентот на жените кои не се согласуваат со тврдењето е повисок од процентот на жените кои го мислат спротивното кај Ромките (66% не се согласуваат, наспроти 11% кои се согласуваат), Македонките (58% не се согласуваат, наспроти 19% кои се согласуваат), Албанките (39% не се согласуваат, наспроти 30% кои се согласуваат) и Турчинките (34% не се согласуваат, наспроти 29% кои се согласуваат). Случајот е поинаков во другите заедници, каде процентот на жените кои се согласуваат дека жените ги учат дека власта и политичкото лидерство не се за нив (%) е повисок од жените кои не се согласуваат. Имено, 46% од Србинките се согласуваат, а 38% не се согласуваат со тврдењето, односно 39% од Влаинките се согласуваат, а 34% не се согласуваат, и 28% од Бошњачките се согласуваат, а 22% не се согласуваат (Графикон 65).

Во однос на тоа како општеството и различните заедници во целина ја гледаат улогата на жените во политиката, сите соговорнички се согласија дека основата за тоа често се поставува уште во раните фази на детството. Една пратеничка, припадничка на помала заедница, изјави дека овие разлики се воспоставуваат во моментот на раѓање на детето, долго пред биолошките особености да можат да се сметаат како фактор: *„Ќе добиете различна реторика кога луѓето ви честитаат за раѓањето на син наспроти ќерка. Доби СИН! Ооо, ќерка ли доби? Тонот на гласот е сосема различен. Кога момчето ќе падне, ние му велиме да не плаче, ти си момче, ти си маж. Кога девојчето ќе падне, паднала принцезата на тато и мама, да не се повреди? Од момчињата се очекува да бидат палави, дури и кога сè уште немаат тестостерон како биолошки фактор. Но, ако девојчето се однесува така, ние ја испраќавме на детската клиника за да добие дијагноза, во каква жена ќе порасне".* Нејзината колешка од Собранието понатаму прецизира дека состојбата е повеќе алармантна во руралните и социјално изолираните заедници: *„Во руралните и изолираните заедници, поддршката е поголема за машките деца отколку за женските деца... кога велам дека децата заслужуваат еднаква поддршка мислам на образование, имавме проблем во мојата заедница, машките деца се запишаа во училиште, женските деца не. Кога законот за задолжителното основно и средно образование се промени, бројките почнаа да се изедначуваат, но семејствата мораат да понудат еднаква поддршка за своите деца.*

Присеќавајќи се на своето лично искуство, една пратеничка, етничка Албанка, изјави дека жените не можат да имаат успешна кариера и истовремено да ја исполнат својата улога како мајка и сопруга, впечаток кој, според неа, е погубен, но, за жал, сè уште присутен: *„Додека бев студент, мислев дека небото ми е граница. Во моментот кога се омажив, работите се сменија. Очекувањата на општеството беа да бидам најдобрата сопруга, мајка, невеста... Не сум тажна што поминувам време во*

*воспитувањето на моите деца, но изгубив многу години мислејќи дека моите лични цели не одат заедно со семејниот живот... Ние ги одгледуваме нашите девојчиња за да ги подготвиме за брачен живот“.*

Во согласност со овој дијалог, претставничка на Владата, која е етничка Албанка, понатаму ја истакна улогата на образовниот систем во поставувањето на различните кариери за девојчињата, туркајќи ги кон воспитни и негувателски професии: *„Наставниците, па дури и наставничките, би ги советувале девојчињата да станат наставнички, бидејќи тоа е најдобрата професија која ќе ни овозможи како жени да се грижиме за семејството и децата“.*

**Мнозинството од жените од сите заедници не се согласуваат дека жените треба да бидат пасивни и тивки во политичкиот живот на државата / заедницата.**

**Графикон 63.** На скала од 1 (воопшто не) до 5 (апсолутно да), во колкава мера се согласувате со следново тврдење: Жената треба да биде пасивна и тивка во политичкиот живот на државата / заедницата (%)



**Жените начелно се поделени меѓу заедниците во однос на тоа во колкава мера се согласуваат дека жените треба да ги следат мажите во политичкиот живот на државата / заедницата.**

Графикон 64. На скала од 1 (воопшто не) до 5 (апсолутно да), во колкава мера се согласувате со следново тврдење: Жената треба да го следи мажот во политичкиот живот на државата / заедницата




**Жените, исто така, начелно се поделени меѓу заедниците во однос на тоа во колкава мера се согласуваат дека жените ги учат дека администрацијата и политичкото раководство не се за нив.**

Графикон 65. На скала од 1 (воопшто не) до 5 (апсолутно да), во колкава мера се согласувате со следново тврдење: Жените ги учат дека власта и политичкото лидерство не се за нив (%)



Над две третини од жените посочија дека никогаш нема да се изјаснат како припаднички на друга заедница, доколку исполнувањето на квотата за одредена заедница е единствениот услов потребен за вработување во некоја државна установа. Имено, ова е случај кај 81% од Македонките, Србинките и Бошњачките, 73% од Албанките, 71% од Влаинките, 66% од Турчинките и 65% од Ромките (Графикон 66).

Одреден процент од жените понатаму изјавија дека познаваат некој од нивната заедница кој ја искористил оваа практика. Овој процент е највисок кај Бошњачките (39%), а најнизок кај Влаинките (13%) и Албанките (7%). Кај останатите заедници, процентот се движи околу 20% (24% кај Турчинките, 21% кај Србинките, 20% кај Ромките и 17% кај Македонките, Графикон 67).

Од друга страна, жените од сите различни заедници веруваат дека оваа практика често се користи во рамките на нивната заедница. Имено, над две третини од Ромките (68%) и Македонките (64%) изјавија дека луѓето од нивната заедница повремено или почесто се изјаснуваат со поинаква етничка припадност со цел да добијат вработување. Истиот одговор беше добиен и од над половина од жените од бошњачката (51%) и влашката (56%) заедница, како и од 42% од Турчинките и Србинките. Во споредба со другите заедници, оваа перцепција е поретка кај Албанките, каде што 32% веруваат дека Албанците повремено или почесто се изјаснуваат со поинаква етничка припадност заради вработување (Графикон 68).

**Над две третини од жените никогаш нема да се изјаснат како припаднички на друга заедница со цел да се вработат.**

**Графикон 66.** Дали некогаш би се изјасниле како припадничка на друга заедница, доколку исполнувањето на квотата за одредена етничка припадност е единствениот услов кој Ви стои на патот да се вработите во некоја државна установа (%)



**Одреден број жени од сите заедници познаваат некој од нивната заедница кој се изјаснил со поинаква етничка припадност со цел да добие вработување во јавната администрација.**

Графикон 67. Дали познавате некој од Вашата заедница кој се изјаснил себеси како припадник/чка на друга етничка заедница со цел да се вработи во јавна администрација? (%)




**Заедничка е перцепција кај жените од сите заедници дека практиката на искажување поинаква етничка припадност заради вработување е присутна во одредена мера во секоја заедница.**

Графикон 68. Дали сметате дека ваквата практика, изјаснувањето како припадник/чка на друга заедница заради вработување во таа заедница, често се користи во рамките на Вашата заедница? (%)



# VI. Заклучоци

Целта на оваа студија е да се направи преглед на политичкото учество на жените од немнозинските заедници во Северна Македонија, истакнувајќи ја нивната положба и нивните перцепции. **Општо земено, постои недостаток на институционални податоци за политичкото учество на жените од немнозинските заедници. Владините институции и министерствата ретко имаат расчленети податоци меродавни за проценување на положбата на жените од немнозинските заедници, што го отежнува процесот на креирање политики.**

Зголемената вклученост на жените во политиката на Северна Македонија се должи на тековните подобрувања на изборните прописи и упорните напори за застапување на жените политичарки и активистки. Основањето на Клубот на пратенички во 2003 година и поставувањето на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во Собранието во 2006 година е одраз на институционалните чекори кон решавање на родовото законодавство. Воведувањето на родовата квота во 2002 година наложи 30% од кандидатите на изборните листи, и на национално и на локално ниво, да бидат од недоволно застапениот род. Со последователните амандмани во 2006 година се прецизира дека секој трет кандидат на листата мора да припаѓа на недоволно застапениот род, значително зголемувајќи го учеството на жените во Собранието на Република Северна Македонија. Со Изборниот законик од 2014 година се воведе дополнителен механизам за заштита на женската застапеност во политичкиот живот на државата, предвидувајќи дека ако една жена поднесе оставка од нејзиното пратеничко место, следната жена на кандидатската листа може да ја замени. Во 2015 година, со измените на Изборниот законик, родовата квота се зголеми на 40%. И покрај овие подобрувања, постојат предизвици во обезбедувањето пристап до структурите за донесување одлуки за одредени групи жени, како што се Ромките, жените од руралните средини, и жените со попреченост.

**Жените од немнозинските заедници се соочуваат со двојна дискриминација врз основа на нивната етничка припадност и врз основа на нивниот род.** Па така, во споредба со жените од мнозинската заедница, тие се во една од најкревките положби во општеството. Тие често се соочуваат со исклучување од јавниот живот и ретко имаат моќ да влијаат врз политиките. **Ваквата неповолна положба се забележува и во светски рамки и, во одредена мера, се одразува и во богатите земји и во регионите во развој.**

**Северна Македонија има широка нормативна и институционална рамка која се однесува на промовирање на родовата еднаквост во државата, која општо земено е цврсто поставена и усогласена со меѓународните директиви и конвенции кои се однесуваат на ова прашање.** Нејзиниот значаен развој започна по 2000 година, катализиран од: (i) зголемениот број на жени во политиката – жени пратенички по воведувањето на квотите за недоволно застапениот род на кандидатските листи во 2002 година, и жени советнички во локалната самоуправа по воведувањето на квотите во 2004 година; (ii) стекнување статус на земја кандидат за членство во Европската Унија во 2005 година, што доведе до усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ (родово чувствително); и (iii) усвојувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите во 2006 година, кој беше основа за понатамошна изградба на родово чувствителна институционална и нормативна поставеност на државата. Меѓутоа, спроведувањето на оваа нормативна рамка е слабо, како во однос на нејзината пракса, така и во однос на казните за нејзиното прекршување. Меѓународните институции и домашните граѓански организации го истакнаа проблемот со спроведувањето како клучен за унапредување на родовата еднаквост во земјата.

**Иако правната рамка за еднаквите можности за политичко учество е задоволителна, таа не секогаш се преточува во директно практично спроведување.** Политичкото учество на жените од немнозинските заедници, освен, во одредена мера, на Албанките, е на значително ниско ниво.  Состојбата е слична и на извршно и на локално ниво, бидејќи жените, во целина, се недоволно застапени, додека пак жените од немнозинските заедници таму практично и не постојат. **Податоците од примарното истражување, исто така, покажуваат ниско ниво на учество на жените во политичкиот и граѓанскиот живот. Сепак, постои поволна позиција во однос на идната ангажираност на жените во политиката.**

И покрај значителниот напредок во интегрирањето на родовите прашања во законодавството и мерките и програмите за промовирање на еднаквите можности за жените и мажите, нивното спроведување сѐ уште е попречено од ниската свест за прашањата поврзани со родовата еднаквост, родовата пристрасност, родовите стереотипи и рестриктивното размислување, ставовите, вредностите, верувањата и перцепциите, со што процесот на промена на ставовите, однесувањата и родовите стереотипи во корист на родовата еднаквост станува долгорочна, но суштинска заложба.

**Примарните податоци, исто така, потврдуваат дека родовите улоги сѐ уште се распространети во општеството во целина; сепак, жените од немнозинските заедници поминуваат полошо, бидејќи ваквите ставови се почести.** Општо земено, политичкото учество на жените од заедниците во Северна Македонија е еквивалентно на гласањето на избори. Како резултат на тоа, 72% или повеќе од жените од сите заедници не се директно вклучени и немаат лични амбиции да се

вклучат во политиката. Преовладува одговорот дека главната причина за нивната одлука да не влезат во политиката е незаинтересираноста кај сите заедници. Жените вклучени во политиката, или кои имаат амбиција да се вклучат, го прават тоа (или ќе го направат тоа) бидејќи имаат потреба да влијаат и да ја подобрат состојбата во општеството, како и да влијаат и да ја подобрат состојбата во своите заедници.

Остварувањето на правото на глас на последните избори е очигледно најниско кај Ромките, при што две третини од жените изјавија дека гласале на изборите, во споредба со другите заедници, каде излезноста се движеше помеѓу 73% и 95%. При гласањето, личните политички убедувања и доследните политички вредности се единствената основа за мнозинството од жените од сите заедници. Вклученоста во политичките партии изнесува околу 10% за жените од сите заедници, со исклучок на Бошњачките и Македонките (25%, односно 17%). Сепак, вклученоста на жените во политичките партии начелно се сведува само на членување.

Околу половина или повеќе од жените од сите заедници сакаат нивните интереси да бидат земени предвид кога се донесуваат политички одлуки. Понатаму, стремежот да учествуваат во граѓански активности и иницијативи е присутен кај жените од сите заедници.  Процентот на жените кои покажаа низок или никаков интерес кога станува збор за подготвеноста да реагираат доколку некоја политичка одлука е спротивна на нивните интереси е највисок кај Ромките (65%).

Жените немаат самодоверба дека нивните вештини и знаења ги исполнуваат условите за да дојдат на високи политички позиции. Најголема самодоверба се бележи кај предложената позиција на локално ниво, општинска советничка, каде што жените од сите заедници се поделени во однос на тоа дали ги поседуваат потребните знаења и вештини. Ромките се исклучок, каде што само 6% веруваат дека ги исполнуваат условите за оваа политичка позиција. Ваквата несигурност расте колку што е повисока политичка позиција предложена во истражувањето.

Значителен процент од сите заедници ја сметаат ромската заедница за повеќе дискриминирана во споредба со другите. Сите интервјуирани политичарки потврдија дека се соочувале со дискриминација најчесто поврзана со нивниот род, но во некои случаи и како комбинација од нивниот род и етничка припадност. Мнозинството од жените се согласуваат дека жените се недоволно застапени во политичкиот и јавниот живот. Оваа перцепција повторно се отсликува и во застапеноста на жените од немнозинските заедници во политичкиот живот. Жените од сите заедници се согласуваат дека би било подобро за општеството доколку постојат повеќе жени вклучени во политичкиот живот на државата. Високо ниво на согласност меѓу заедниците се забележува и во врска со дискусијата дали жените, пред сè, треба да бидат добри сопруги, мајки и да се грижат за своите домови. Политичарките се согласуваат дека жените се недоволно застапени во политиката, при што,

како една од главните причини, го посочија недостатокот на амбиција и упорност за вклучување во оваа сфера, како и слабиот пристап до ресурсите за жените во политиката.

Жените од сите заедници се поделени во однос на тоа дали жените од немнозинските заедници во политиката имаат моќ да влијаат, при што највисок процент на позитивни одговори е забележан кај Србинките (40%), а најмал меѓу Влаинките (26%). Интервјуираните политичарки се согласија дека моќта да влијаат врз политиката, не само на жените од немнозинските заедници, туку и на жените воопшто, е помала во споредба со мажите. Тие понатаму тврдат дека ова е значително под влијание на различниот начин на живеењ и традиционалните родови улоги на мажите и жените во нашето општество, кои се во директна врска со практиките на донесување одлуки.

Жените од сите заедници го делат верувањето дека жените политичарки ќе го направат политичкиот живот помалку корумпиран, помалку насилен и ќе ја зајакнат социјалната заштита во земјата. На прашањето да наведат политички лидер на чиј стил на лидерство гледаат позитивно, огромното мнозинство од жените од сите заедници посочија машки политички лидер. Освен тоа, жените политичарки, припаднички на немнозинските заедници, јавноста ретко, ако и воопшто, ги слуша. Една пратеничка потврди дека жените политичарки се помалку видливи во јавноста и овој проблем го поврза со малкуте ресурси кои жените ги имаат на располагање за промотивни цели. Жените, исто така, се скептични во однос на веројатноста жените од немнозинските заедници да се најдат на високи политички позиции во блиската иднина. Оттука, над половина од жените (54%) веруваат дека не е веројатно жените од немнозинските заедници да станат претседателка на државата.

Над две третини од испитаничките посочија дека никогаш нема да се изјаснат како припаднички на друга заедница, доколку исполнувањето на квотата за одредена етничка припадност е единствениот услов потребен за вработување во некоја државна установа. Од друга страна, жените од различните етнички групи веруваат дека оваа практика често се користи во рамките на нивната заедница.

# VII. Препораки

**Постои итна потреба да се зголеми застапеноста на жените од различните заедници во политиката преку политичките партии.** Политичките партии треба да се поттикнат активно да регрутираат и поддржуваат жени кандидатки од различни етнички заедници за избраните позиции и да воведат родови квоти во рамките на својата партија со цел да се обезбеди подеднаква застапеност, особено во Владата и општините. Понатаму, политичките партии треба да создадат насочени програми за активно ангажирање на жените од немнозинските заедници во политички активности, вклучително и преку обезбедување ресурси и поддршка за нивното учество во политичките процеси и во донесувањето одлуки.

**Политичките партии треба да обезбедат еднаква поддршка и ресурси за мажите и жените во политиката.** Жените во политиката треба да имаат еднаков пристап до иницијативи, обука, менторство, финансиска поддршка, можности за вмрежување и ресурси за кампањи како и нивните машки колеги во рамките на нивната политичка партија.

**Инвестирање во образованието и зголемена свест во врска со жените во политиката и политичките права воопшто.** Постои потреба од образовни кампањи за да се подигне свеста за важноста на учеството на жените во политиката и да се обезбедат информации за политичкиот процес, правото на глас и како да се вклучат во локалната и централната власт. Посебен фокус треба да се стави врз немнозинските заедници, особено врз жените и девојчињата.

**Создавање и поттикнување на овозможувачка средина за активно вклучување на жените во политиката.** Политичките организации треба да создадат култура која ја цени и промовира вклученоста на жените во политиката, која активно се бори против сексизмот и дискриминацијата во политичката сфера, и која промовира поинклузивна и разновидна политичка средина.

**Постои итна потреба да се зајакне степенот на спроведување на политиките кои спречуваат насилство, вознемирување, дискриминација и говор на омраза врз основа на родот и етничката припадност, со акцент врз случаите насочени против жените во политиката.** Неопходно е надлежните институции да реагираат поинтензивно на ваквите случаи и да ги обесхрабрат потенцијалните предизвикувачи.

**Од клучно значење е за жените во политиката, а особено за жените од немнозинските заедници, да имаат еднаков удел на застапеност во сите тела за**

**донесување одлуки, преку спроведување политики кои промовираат разновидност и вклученост.** Неопходно е жените да имаат глас и влијание во телата за донесување одлуки, вклучително и во локалната и централната власт.

**Важно е да се разрешат културните и социјалните пречки за активното вклучување на жените во политиката.** Неопходно е да се оспорат традиционалните родови улоги и стереотипи, како и етничките стереотипи, и да се промовира важноста на учеството на жените во политиката, а особено меѓу жените од немнозинските заедници. Во една попресретлива средина за жените, нивното ангажирање во политиката ќе се зголеми.

**Воведување на менторство и развој на лидерство за жените во политиката или со амбиции да се вклучат во политиката.** Воспоставувањето на овој вид на развојни програми, нарочно прилагодени за жените од немнозинските заедници, ќе им обезбеди вештини, поддршка и мрежи потребни за да продолжат со политичката кариера и да станат лидерки во своите заедници.

**Подобрување на родовите квоти со цел да се обезбеди минимална застапеност на жените во политичките институции.** Оваа законодавна мерка треба дополнително да се подобри со цел да се одразат потребите за еднаква застапеност на жените, а особено на жените од немнозинските заедници, во законодавната и извршната власт во државата, на национално и локално ниво.

**Постои итна потреба владините институции и надлежните министерства да соберат и објават меродавни податоци за политичкото и општественото учество на жените од немнозинските заедници, како и општи податоци во врска со родовата еднаквост.** Ова ќе придонесе за подобро креирање политики и подобар приод кон подобрување на нивоата на, и условите за, политичкото и општественото учество на овие жени.

**Постои итна потреба од систематски приод кон екс-анте родово чувствителен надзор на законите.** Владата врши оцена на регулаторното влијание (ОРгВ) на нацрт законите, меѓутоа, не се врши оцена на родовото влијание (ОРдВ) во рамките на ОРгВ, а Собранието нема методологија за спроведување на ОРдВ за законите предложени од страна на пратениците. Експертите за родова еднаквост не се консултираат за сите закони во нивната подготвителна фаза. Иако во Собранието често се организираат јавни расправи за одредени нацрт-закони, оваа практика се применува на мал дел од усвоените закони. ОРгВ и ОРдВ ќе им овозможат на носителите на одлуки да го земат предвид различното потекло на жените и да развијат политики и законодавство информирани од специфични околности со кои се соочуваат жените од различни заедници. Комисијата за заштита од дискриминација, кога ги разгледува претставките за дискриминација доставени од жени, треба да ја земе предвид испреплетеноста на родот и етничката припадност, меѓу другите идентитети.

**Постои итна потреба од пост-законодавен надзор (ПЗН) и следење на спроведувањето на законодавството за родовата еднаквост и правата на заедниците.** Спроведувањето на ПЗН ќе фрли светлина врз тоа како законодавството за родовата еднаквост и правата на заедниците функционира во пракса од неговото усвојувањето во Собранието и ќе помогне во подобрување на владините политики, законодавството и јавните услуги. Од пресудно значење е Собранието активно да го вклучи својот надзорен механизам за да го следи напредокот на спроведувањето на родово чувствителните норми (надзорни расправи, пратенички прашања, анкетни комисии итн.). Освен тоа, постои потреба да се воспостават практика за собирање информации за спроведувањето на законите во врска со родовите прашања и за влијанието од нивното спроведување. Да се решат пречките за влез: да се утврдат и решат конкретните препреки кои ги спречуваат жените да се вклучат во политиката, како што се родовата дискриминација, немањето пристап до детска грижа, и ограничени финансиски ресурси.

**Усвојување на новиот Закон за родова еднаквост** кој има за цел целосна родова еднаквост во сите сфери на јавниот и приватниот живот преку зајакнување на положбата и состојбата на жените во општеството и овозможување еднакви можности за реализација на сите права преку промовирање на родовата еднаквост. Законот користи интерсекционални и родово–трансформативни приоди кои се клучни во справувањето со стереотипите и предрасудите и се залага за нова национална родова машинерија.

**Постои потреба за позначајно инвестирање на ресурси кон спроведувањето на нормативната и институционалната рамка за родова еднаквост во земјата.** Потребни се поголеми напори за спроведување на нормативната рамка и активирање на институциите задолжени за нејзиното спроведување. Вршењето редовни екс-пост анализи во оваа област може значително да придонесе за практиката и подобрувањето на рамката.

**Потребно е зголемено инвестирање во детските установи и во установите за стари и изнемоштени лица, како и ангажирање на дополнителен стручен кадар во овие установи**, со цел на жените да им се овозможи оптимален избор помеѓу одлуката да го отфрлат нивниот професионален развој поради грижата за членовите на семејството. Достапноста на таквата инфраструктура и нејзиниот квалитет се најголемите пречки за донесување одлука и за можноста жените ефективно да се посветат на својата професионална кариера, вклучувајќи ја и политичката кариера.

